Црвен крст на Република Северна Македонија
Kryqi i Kuq i Republikës së Maqedonisë së Veriut
Red Cross of the Republic of North Macedonia



# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
# RAPORTI VJETOR
# ANNUAL REPORT

# 2021

# СОДРЖИНА


- ПОРАКА ОД ПРЕТСЕДАТЕЛОТ И ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАР ........ 03
- СИТУАЦИСКА АНАЛИЗА ........ 04
- ЗА НАС ........ 05
- НОРМАТИВНО УРЕДУВАЊЕ ........ 06
- ОРГАНИЗАЦИЈА И РАЗВОЈ И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА ........ 06
- КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКИ И МЕНАЏИРАЊЕ НА ВОЛОНТЕРИ И ЧЛЕНОВИ ... 12
- СОЦИЈАЛНО – ХУМАНИТАРНИ ПРОГРАМИ ........ 14
    - КАМПАЊИ НА ЦРВЕНИОТ КРСТ НА РСМ ........ 22
- ЗДРАВСТВЕНО-ПРЕВЕНТИВНИ ПРОГРАМИ ........ 24
    - ПРВА ПОМОШ ........ 32
    - КРВОДАРИТЕЛСТВО ........ 34
    - МЕНТАЛНО ЗДРАВЈЕ ........ 37
- ПОДГОТВЕНОСТ И ОДГОВОР ПРИ КАТАСТРОФИ ........ 39
- ПРОГРАМА ЗА ПОДДРШКА НА МИГРАНТИ ........ 44
- МЛАДИ НА ЦРВЕН КРСТ НА РСМ ........ 46
- ЦРВЕН КРСТ ВО АКЦИЈА-ПРОМОЦИЈА НА ХУМАНИ ВРЕДНОСТИ ........ 48
- ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ ........ 49
- ДИСЕМИНАЦИЈА И МЕЃУНАРОДНО ХУМАНИТАРНО ПРАВО ........ 50
- ДИГИТАЛНО ТРАНСФОРМИРАЊЕ ........ 51
- ФИНАНСИИ ........ 53

# ПОРАКА ОД ПРЕТСЕДАТЕЛОТ И ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАР





Годината што измина ја одбележаа низа активности на Црвениот крст на РСМ кои придонесоа да се направат позитивни промени во животот на луѓето. Преку нашата мрежа на ООЦК и ЦКГ Скопје бевме дел од секојдневието на луѓето кои се соочуваа со разни предизвици но бевме и со оние кои сакаа да бидат со Црвениот крст за да се чувствуваат исполнето и среќно.

Црвениот крст преку своите активности за заштита и справување со катастрофи, заедно со одговорните институции даде посебен придонес во надминување на последиците од катастрофи како што беа пожарите во летниот период и активно продолжи да работи на подигање на свеста на населението, обезбедување на материјална помош и обуки за човечките ресурси со цел да бидеме подготвени за справување со последиците на климатските промени и сите елементарни катастрофи кои се секојдневие од нашето живеење на овие простори.

Дадовме посебен придонес во промовирање на безбедно живеење и спроведување на здравствено превентивни активности за заштита на животот и здравјето на населението работејќи во услови на пандемија со КОВИД-19 која ни наметна многу предизвици со кои успешно се справувавме. Континуирано го промовиравме крводарителството и ги учевме луѓето како да укажуваат прва помош. Младите ги учевме како да се заштитат од разни болести и меѓусебно да се почитуваат. Социјалните активности имаа посебно место во нашата работа во изминатата година. Работевме и ги интегриравме лицата во трето доба, ги помагавме лицата со попреченост, социјалните случаи, работевме со бездомниците, и раздвоените како резултат на миграции. Промовиравме партнерства на меѓународен план и во државата и нашите добри практики и резултати беа препознаени од нашите партнери од корпоративниот сектор, партнерските организации од Движењето и меѓународни агенции, што резултираше со обезбедување на значителна поддршка за најразлични проектни и програмски активности за подобрување на животот на различни категории на ранливо население. Дисеминацијата и воспоставување на семејни врски исто така играа важна улога во нашата работа за споделување на хуманите вредности и меѓународно хуманитарно право и обезбедување на хуманитарна заштита. Работевме и спасување на вода и планина и уште многу други активности кои се прикажани во годишниот извештај на нашата организација кој со големо задоволство сакаме да го споделиме со вас.

Би сакале да искажеме посебна благодарност на нашите партнери, кои во духот на солидарноста ни обезбедуваа поддршка со средства, вештини и ресурси за да се справиме со сите предизвици во изминатата година. Особено сме горди на придонесот и посветената работа на нашите волонтери и вработени. 2021 беше особено тешка година но исто така беше голема инспирација за сите нас да покажеме дека заедно може да ги надминеме сите предизвици на нашето време, без разлика колку тие да се тешки. Нашите постигнувања се потстрек за повеќе работа. Нашите предизвици се наша мотивација. Благодарност до сите наши волонтери, партнери и вработени што дадоа придонес во остварувањето на нашите цели.

**проф. д-р Ромел Велев**
**Претседател**

**д-р Саит Саити**
**Генерален секретар**



# СИТУАЦИСКА АНАЛИЗА

Светот беше изложен на големи економски, социјални и здравствени предизвици како што се сиромаштијата, нееднаквоста, гладта, здравјето на луѓето и климатските промени. Меѓу нив, ако не и најголемиот за многу земји беше справувањето со последиците од пандемијата од вирусот КОВИД-19. Кризата предизвикана од пандемијата остави долготрајни последици и резултираше со крупни глобални предизвици, и ефектите на пандемијата длабоко влијаеја на животот на севкупното население ширум светот, разнишувајќи ги темелите на нашите модели на солидарност а сето тоа имаше и големо влијание на работата на хуманитарен сектор.

Последиците од глобалната рецесија, карантините и затворањето на државите како резултат на пандемијата резултираше со значителен пораст на цените на производите, пораст на невработеноста, намалени приходи и пораст на здравствените предизвици со кои се соочуваше населението. Сето ова најмногу влијаеше на најсиромашните во најсиромашните земји. Но пандемијата не беше единствената криза со која се соочивме во 2021 година. Светот беше соочен и со кризи предизвикани од климатските промени, како што се студените и топлотните бранови, поплавите и пожарите, сеизмичките случувања, миграциите и напливот на мигранти, бегалци и азиланти, сиромаштијата, трговијата со луѓе, бездомништвото и поддршката за социјално погоденото население од последиците кои резултираа од економската криза како и болестите и вообичаените здравствени предизвици кои ги има се повеќе како резултат на новото време. Хуманитарните активности исто така беа под големо влијание на промените што се случуваа во општественото опкружување. Според податоците на Обединетите Нации бројот на изложени лица на најразлични хуманитарни предизвици во светот изнесува околу 235 милиони луѓе што претставува далеку највисока бројка во изминативе децении. Податоците укажуваат дека во светски рамки едно лице на секои 33 лица било ранливо лице што преставува значително зголемување споредено со 2020 година кога овој број изнесуваше 1 лице на секои 45 лица.

Црвениот крст на РСМ, како дел од хуманитарниот сектор, како помошник на властите и позициониран партнер во државата и во меѓународни рамки секако го даде својот придонес за обезбедување на подобар живот за повеќе целни групи.  Сите заедно дадовме придонес подобро да се трансформираме, да бидеме поефективни, да мобилизираме поддршка, да го работиме тоа што најдобро го знаеме во интерес на нашите корисници на услуги.

# ЗА НАС

Црвениот крст на РСМ е најголемата хуманитарна организација во Република Северна Македонија и е дел од 192 национални друштва членки на Меѓународното Движење на Црвен крст и Црвена полумесечина. Во своето 76 годишно постоење се залага за подобрување на животот на ранливото население преку мобилизирање на моќта на хуманоста. Преку нашите 33 Општински организации на Црвен крст и Црвен крст на град Скопје дејствуваме во спречување и ублажување на човековото страдање, заштита на животот и здравјето, унапредување на социјалната состојба, обезбедување почит и достоинство на луѓето, особено во случај на вонредни состојби, промовирање на меѓународното хуманитарно право и хуманите вредности и поттикнување на доброволното ангажирање и постојаната подготвеност за давање помош и солидарност и хуманост. Дејствуваме, поттикнуваме и промовираме хумани вредности за навремено да одговориме на современите хуманитарни предизвици, а притоа решени сме да направиме повеќе, да го направиме тоа подобро и да стигнеме подалеку.

Со илјадници волонтери и членови во своите редови, дејствуваме како помошник на властите во државата во креирање на здраво и безбедно општество, служејќи им на граѓаните, пред се на најранливите и оние кои имаат потреба од помош.

Во нашите напори да одговориме на потребите на различни целни групи соработуваме со институции и партнерски организации за превенција на болести, подобрување на здравјето и ублажување на човечкото страдање преку сопствени програми на полето на образованието, здравствената и социјална грижа за доброто на заедниците. Спроведуваме итни операции за обезбедување на хуманитарна помош, а даваме и други услуги за помагање на жртвите на вооружени судири согласно со Женевските конвенции. Организираме активности за помош на жртвите од природните катастрофи и други вонредни ситуации. Го промовираме почитувањето на меѓународното хуманитарно право, основните принципи и идеали на Движењето и ја подигаме свеста за заштитата на амблемите на Црвен крст и Црвена полумесечина.

Дејствуваме локално но согласно можностите обезбедуваме и поддршка на жртвите од вооружени судири, природни катастрофи, пандемии и други вонредни состојби во светот.



# НОРМАТИВНО УРЕДУВАЊЕ

Црвениот крст на РСМ континуирано инвестира труд и енергија во интерното уредување и надградување и имплементација на нормативната рамка. Продолживме активно да работиме на следење на националната легислатива, актите и документите на Движењето, како и трендовите во дејствувањата на невладините организации за збогатување на нашиот фонд на документи и нормативни акти. Во изминатава година активно го следевме процесот на стапување во сила на нови законски решенија, како што е Законот за заштита на лични податоци, и го започнавме процесот на имплементација и прилагодување кон истите. Покрај тоа, особено внимание беше посветено на подготовка на политики насочени кон висок степен на морално и етичко однесување, како што се заштитата и одговорот на сексуална експлоатација и злоупотреба, заштита на животна средина и сл., процес кој во 2022 година ќе продолжи со ист интензитет. Континуирано работевме на ревидирање на интерните правни акти – правилници, правила, процедури итн., нивно прилагодување и усовршување, како и подготовка на нови со кои се уредуваат и прецизираат бројни внатрешни процеси и се дефинираат улогите и одговорностите на сите учесници. Секако, не изостанаа и активностите поврзани со пружање на правна и советодавна поддршка кон ООЦК и ЦКГС, реализирани преку работилници и средби, со цел успешно имплементирање, разбирање и почитување на внатрешната норматива.

# ОРГАНИЗАЦИЈА И РАЗВОЈ И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

## Менторска поддршка на ООЦК за развој на организациски капацитети

Црвениот крст на РСМ започна со спроведување на менторски развојни програми како одговор на идентификуваните потреби за развој на ООЦК и ЦКГ Скопје со кои ќе се обезбеди соодветна поддршка за унапредување на работењето и постигнување на подобри резултати во организирањето и испораката на услуги кон целните групи. Со претставници од раководните и управните структури на ООЦК Виница, Дебар, Делчево, Демир Хисар, Кочани, Ресен, Свети Николе и Тетово во периодот 19-21.11.2021 година одржана е работилница за подготовка на 6 месечни локални развојни планови со дефинирани развојни приоритети, активности, показатели, носители и временска рамка.

## Процес на самопроцена и евалуација на работа на ООЦК

Во 2021 година беа спроведени 3 различни процеси за процена и анализа на работата на организацијата со цел да се утврди дали развојот на организацијата е во опаѓање, статус кво состојба, или организацијата бележи континуиран развој, за да се утврдат главните предизвици во работењето на организацијата на национално, градско и општинско ниво и да се усогласат гледиштата кон предизвиците во развојот на раководната и управната структура, односно на локално и национално ниво.

Во текот на месец Јануари 2021 год. се спроведе процес на брза проценка и мапирање на капацитетите на ООЦК и ЦКГС. Согласно определбите на националното друштво за континуирано унапредување и организациски развој, подготвен е прашалник кој беше пополнет од секретарите на ООЦК/ЦКГ Скопје со кој се направи проценка на менаџерските способности, волонтерските капацитети, состојбите со вработените/ангажираните лица во организацијата и опременоста на ООЦК/ЦКГ Скопје. Проценката обезбеди појасна слика за клучните активности и моментални состојби со човечките ресурси, потребите за поддршка на работата на ООЦК/ЦКГ Скопје, амбициите за развој на дополнителни сервиси во тековното работење и потенцијални средини за имплементација на проекти поддржани преку Централната канцеларија на Црвен крст на РСМ.



Во Март 2021 година спроведени се електронски прашалници со членови на Раководен одбор на Црвен крст на РСМ, претседатели на ООЦК, ЦКГ Скопје и лидери на клубови на млади со кои се утврдени предизвиците во работењето, состојбите во локалното стратешко планирање и степенот на локална вклученоста на волонтерите и членството во имплементацијата на политиките на националното друштво. Во анализата идентификувани се потреби во делот на развој на социјални услуги и сервиси, обуки за вработени и волонтери, унапредување на младинско работење, поттикнување на развој на социјални претпријатија, поддршка во менаџмент со катастрофи, поддршка во мобилизирањето на ресурси, дефинирање на критериум за ранливост и евиденција на ранливи групи итн. Во периодот Мај – Ноември 2021 година спроведена е процена и анализа на работата на организацијата за 2020 година со цел да се утврди степенот на развој на организацијата на локално ниво. Согледани се суштинските аспекти во работењето на ООЦК/ЦКГ Скопје и детектирани се одредени трендови и состојби кои влијаат на севкупниот развој на националното друштво.

Проценката овозможи согледувања во однос на успешноста на имплементацијата на програмите на националното друштво на локално ниво, партнерската соработка и мобилизирањето на фондови во локалните средини, сервисите кои функционираат во ООЦК и нивниот придонес за подобрување на имиџот на организацијата, мобилизирање на фондови за имплементација на програмски активности и финансиското работење на организацијата. Проценката обезбеди показатели во однос на младинското работење и потребите за мобилизирање на нови волонтери во организацијата, системот за планирање, мониторинг и евалуација и функционалноста на информирањето и подигањето на јавната свест за значењето на Црвен крст во локалните средини. Истата претставува рамка за дефинирање на индивидуални планови за развој на секоја ООЦК/ЦКГ Скопје кои треба да се спроведат во претстојниот период од страна на Централната канцеларија на РСМ во соработка и координација со ООЦК/ЦКГ Скопје.

## Алатка за сумирање на годишни податоци

Во 2021 година подготвена е Алатка за сумирање на годишни податоци на националното друштво која ќе се користи за процесирање на годишни податоци на ООЦК/ЦКГ Скопје во различни категории на активности во однос на бројот на корисници, пол, старосна група, финансиски и други показатели. Алатката е адаптирана според форматот на МФЦК/ЦП и ќе послужи за подобро информирање на остварени годишни показатели на националното друштво пред МФЦК/ЦП.

## Соработка со државни институции

Како постојани партнери на државните институции, работевме посветено со државните чинители за обезбедување на хуманитарна поддршка за надминување на последиците од катастрофите и кризните состојби кои ја зафатија нашата земја изминатата година.

Во комуникација и соработка со Владата и ресорните министерства, единиците на локална самоуправа и локалните институции спроведувавме активности од општествен карактер, наменети за подобрување на добросостојбата на заедницата во мирновременски услови и при кризни состојби. Заедно со здравствените институции го поддржавме спроведувањето на вакциналниот процес и градењето на колективен имунитет во државата против КОВИД-19, бевме во првите редови во поддршка на противпожарните служби за време на пожарите кои го зафатија источниот дел на Северна Македонија, активно работевме во обезбедување поддршка на ирегуларната миграција која се одвива на северната и јужната граница на државата каде е прогласена вонредна состојба, ги надградивме сервисите кои ги испорачуваме до нашите корисници како дел од спроведувањето на националните политики за зајакнување на здравствената и социјална заштита на населението.

Транспарентното, одговорното и квалитетното работење резултираше со директна поддршка и присуство на повеќе настани во текот на 2021 година од страна на Претседателот Стево Пендаровски, Премиерот Зоран Заев, Министерот за здравство Венко Филипче, Министерот за внатрешни работи Оливер Спасовски, Министерката за одбрана Радмила Шеќеринска, Министерката за образование и наука Мила Царовска и други високи претставници на државните институции. Договорени се унапредувања на постојните практики во програмските активности, поддршка во подготвеноста за ефикасен одговор во случај на катастрофи преку програма за стокови резерви и отворен е простор за развивање на дополнителни иницијативи со цел да се направи повеќе за луѓето кои имаат потреба од помош.

Од страна на Владата на РСМ е прифатен предлогот и потпишана е „Програма за итно делување при вонредни состојби" за воспоставување долгорочно партнерство со цел да се мобилизираат севкупните капацитети во државата преку континуирано обезбедување годишни средства за стокови резерви и логистичка поддршка на хуманитарна помош која би била достапна за итно делување при итни состојби и катастрофи.

## Соработка со меѓународни партнери

Една од основните заложби на Црвениот крст на РСМ претставува ефективно и континуирано градење на партнерски односи и соработка преку имплементација на програмски и проектни активности со партнерски организации насочени за помош и поддршка на различни целни групи.

Во изминатата година, националното друштво се посвети во имплементација на транспарентно и ефикасно работење со цел да се задржи интересот на партнерските организации за мобилизирање и обезбедување на фондови за имплементација на програми и проекти на Црвениот крст на РСМ.

Црвениот крст на РСМ како членка на Меѓународното Движење на Црвен крст и Црвена полумесечина при кризни состојби, во услови кога потребите на погодното население ги надминуваат можностите за хуманитарна поддршка која е достапна директно од националното друштво, мобилизираше меѓународна поддршка од национални друштва на Црвен крст и Црвена полумесечина, од МФЦК/ЦП, МКЦК, организации на Обединетите нации и ЕУ и други меѓународни организации. На тој начин дадовме посебен

**1**

седница на Собрание
на Црвен крст на РСМ

**4**

седници на
Раководен Одбор




придонес за обезбедување на поефективен одговор на севкупниот систем за кризен менаџмент во државата за да се излезе во пресрет на приоритетните потреби на погоденото население од катастрофи и кризни состојби. Поддршка од страна на меѓународните партнери е обезбедена за одговор на пандемијата Ковид-19 како и за адаптација на работењето во ново настанатите услови.

На 11.06.2021 година Црвениот крст на РСМ беше посетен од страна на делегација на Фондот за население при Обединетите нации (УНФПА). Делегацијата ја предводеше г-дин Џон Кенеди Мосоти директор на УНФПА за Република Северна Македонија, Србија, Косово и Босна и Херцеговина и претставници од националната канцеларија на УНФПА во РСМ. На средбата беше претставена работата на Црвен крст на РСМ, сервисите кои ги обезбедува националното друштво во државата, формите на финансирање и клучните активности на организацијата.

Исто така беа дискутирани можности за соработка со УНФПА на теми од заеднички интерес, приоритети и предизвици за креирање на нова петгодишна програма за соработка.

На 21.10.2021 година Црвениот крст беше посетен од страна на Заменик Амбасадорот на Швајцарската Амбасада во Скопје г-дин Луциен Аегертер. За време на средбата Генералниот секретар на Црвен крст на РСМ ги претстави досегашните искуства во соработката која се однесува на поддршката за развој на сервиси за стари лица во Скопје преку финансиска, техничка и експертска поддршка од Швајцарската Амбасада, а се дискутираа и дополнителни можности за поддршка на активностите на Црвен крст во делот на миграциите.

Во рамките на официјалната посета на Претседателот на Република Полска, г-дин Анджеј Дуда, во Република Северна Македонија на 19 Ноември 2021 година, Црвен крст на РСМ беше

**5**

работни средби со секретари на ООЦК/ЦКГС

**1**

работна средба со претседатели на ООЦК/ЦКГС

посетен од првата дама на Република Полска г-ѓа Агата Корнхаузер Дуда сопруга на Претседателот на Република Полска, придружувана од г-ѓа Елизабета Ѓоргиевска сопруга на Претседателот на Република Северна Македонија г-дин Стево Пендаровски. На посетата беа претставени активностите и функционирањето на СОС телефонската линија во Центарот за психо-социјална поддршка на населението за време на пандемијата КОВИД-19, како и значењето на сервисните услуги кои ги нуди Црвениот крст на ранливото население.

Со поддршка на долгорочните партнери како што се Австрискиот Црвен крст, Италијанскиот Црвен крст, Швајцарскиот Црвен крст и Турската Црвена полумесечина, обезбедена е поддршка за имплементација на програмски активности и хуманитарна помош за најранливото население погодено од КОВИД – 19, ирегуларните мигранти, семејствата на загинатите лица во пожарот во модуларната болница во Тетово, поддршка за развој на социјални и економски услуги за населението, размена на искуства и обуки во рамки на мобилизирањето и менаџмент со членството и волонтерите, програмите за прва помош, развој на современа мобилна апликација за мобилизирање на волонтери „Тим Северна Македонија" и друго.

Црвен крст на РСМ учествуваше на меѓународни настани и работилници за зајакнување на капацитетите и размена на искуства со националните друштва на Црвен крст на Србија, Хрватска, Босна и Херцеговина, Албанија, Бугарија и Романија во рамки на регионални проекти чија имплементација е координирана и имплементирана од страна на Меѓународната Федерација на друштвата на Црвен крст и Црвена полумесечина.

Во периодот 28-29.05.2021 година Генералниот секретар на Црвен крст на РСМ д-р Саит Саити оствари посета на Бугарскиот Црвен крст по повод гостување на изборната седница на Собранието на Бугарскиот Црвен крст за мандатниот период 2021-2024 година. Покрај формалното одржување на седницата, за време на посетата се разговараше за продолжување на позитивните практики во соработката помеѓу двете национални друштва и размена на искуства.





Во периодот 03-05 Октомври 2021 година се оствари посета на Бугарскиот Црвен крст од страна на претставници на стручната служба на Црвен крст на РСМ за размена на позитивни практики во рамки на здравствено-превентивните и социјално-хуманитарните програми, како и создавање на можности за иницирање на заеднички проекти. Особено значење беше дадено на посетата на Центарот за домашни грижи во Враца каде се испорачуваат здравствени и социјални услуги за стари лица во домашни услови преку ангажирани мобилни тимови од медицински сестри и домашни помошници.

Во периодот 02-03.10.2021 година Претседателот на Црвен крст на РСМ д-р Ромел Велев и Генералниот секретар на Црвен крст на РСМ д-р Саит Саити го посетија Албанскиот Црвен крст по повод одбележување на 100 години од основањето на Албански Црвен крст. Делегацијата на Црвениот крст на РСМ оствари средба со Претседателот на Албанскиот Црвен крст Ули Алуши и Генералниот секретар на Албанскиот Црвен крст Артур Катучи, на која беа изразени честитки за јубилејот, беше поздравена досегашната успешна соработка и се дискутираше за идни соработки помеѓу двете национални друштва како и во регионот.

## Фонд за развој и проекти

Со вкупен износ од 1.462.270,00 МКД поддржани се развојни иницијативи на ООЦК Гевгелија, Центар, Кавадарци, Кисела Вода, Охрид, Прилеп, Ресен, Струга, Штип и ЦКГ Скопје, насочени кон подигнување на бројот на членови, развивање на форми за организирање на волонтери, придонес кон одржување на финансиска стабилност, развој на одржливи услуги и сервиси кон ранливи целни групи и зајакнување на капацитети и создавање на услови за организирање на работата на Црвениот крст. Дополнително во периодот 3-5.12.2021 година во центарот за едукација на кадри „Солферино“ се одржа обука на нови 10 ООЦК за подобрување на квалитетот на подготовка на проектни апликации во фондот за 2022 година.

# КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКИ И МЕНАЏИРАЊЕ НА ВОЛОНТЕРИ И ЧЛЕНОВИ

Волонтерите и волонтерството го претставуваат потенцијалот на заедниците да одговорат на предизвиците во локалното опкружување. Волонтерството помага во градењето кохезивни заедници, промовирајќи ја довербата и соживотот помеѓу граѓаните и воспоставување на култура на солидарност и реципроцитет, кои се неопходни за една стабилна заедница. Среќни сме што годинава над 2.400 активни волонтери и 18.000 членови го препознаа Црвениот крст како место кое може да им даде дополнително значење во нивниот живот, место каде ќе може да ги реализираат своите желби и знаења, организација во која ќе може да ги надградат своите компетенции, и можност да ги најдат скриените вредности кои не прават подобри луѓе. Продолжуваме да го градиме нашиот волонтерски систем за да бидеме подготвени во секое време да се справиме со различни видови на здравствени и социјални предизвици и катастрофи, бидејќи во такви состојби волонтерите се нашиот најголем потенцијал за имплементација на нашите активности и обезбедување на комплементарна поддршка за институциите во државата.

## Модел за членување во Црвениот крст на РСМ

Во 2021 година изготвен е нов предлог Модел за членување во Црвениот крст кој ќе биде заокружен на почетокот на 2022 година. Тој ќе претставува одлична рамка за зголемување на бројот на членови во нашата организација со цел да обезбедиме уште поголема јавна поддршка за работата на Црвениот крст во локалните заедници кои ги опслужуваме. Моделот е начелно претставен до секретарите на општинските организации на Црвен крст и Раководниот Одбор на организацијата и има за цел да понуди погодности и норми за зголемување на бројот на членови преку обезбедување на нова нормативна рамка која ќе ги регулира севкупните активности на националното друштво во однос на мобилизирање, регрутирање, отчет и информирање на членството на Црвениот крст на РСМ.

## Ориентирање на волонтери и членови

Една од суштинските придобивки и остварувања во изминатиот период е воведувањето на работата на ориентерите во организацијата што резултира со нови волонтери и нови членови во организацијата во 2021 година. Како резултат на работата на ориентерите и севкупните активности за мобилизирање волонтери и членови во организацијата во 2021 година регистрирани се вкупно 2.400 активни волонтери и 18.000 членови. Ова дава посебен придонес за организирање на редовни ориентациски сесии на локално ниво, каде преку претставувањето на работата и активностите на организацијата, пред различни целни групи, ќе се креираат нови можности за вклучување на нови волонтери и членови во организацијата. Во периодот од 31 Мај до 01 Јуни 2021 година се одржа дводневна онлајн работилница за нови ориентери на Црвен крст на РСМ на која зедоа учество 21 претставник на ООЦК и ЦКГ Скопје. Дводневната работилница имаше за цел да се оспособат нови ориентери во организацијата на Црвен крст кои ќе бидат задолжени во ООЦК да спроведуваат ориентациски сесии со заинтересирани лица од локалните заедници кои сакаат да се приклучат на Црвениот крст на РСМ како волонтери или членови на организацијата.

## Процена и анализа на работата на ООЦК/ЦКГ Скопје

Во втората половина од 2021 година спроведена е сеопфатна процена на работата на ООЦК. Во дел од атрибутите кои беа предмет на анализа беа разгледани неколку аспекти поврзани со

**2.400**

активни волонтери

**21**

ново-оспособени ориентери во Црвен крст на РСМ




работата на волонтерите во ООЦК/ЦКГ Скопје. Во само-евалуацијата на ООЦК/ЦКГ Скопје преовладуваат во најголема мера позитивни оценки за работата во однос на менаџирање на волонтери и членови во организацијата. Сепак, севкупните резултати од процената укажуваат дека постои простор за преземање на понатамошни активности за унапредување на волонтерската работа во делот на програмското дејствување, преземање на редовни активности за мобилизирање ново членство во организацијата, дополнување на базата на податоци за членство и волонтерство во делокругот на дејствување кај одреден број на ООЦК, редовно споделување на информации и вклучување на волонтерите и членовите во процесот на планирање и одлучување и континуирано организирање на мотивациски активности за оддавање признанија за придонес на волонтерите.

## Одбележување на 5 Декември - Светски ден на волонтерство

По повод Светскиот ден на волонтерството, Црвениот крст на РСМ организираше пригоден настан во хотел DoubleTree by Hilton Скопје под мотото “Хероите меѓу нас - Незапирливи”. На настанот пригодно обраќање имаше Генералниот секретар, д-р Саит Саити кој зборуваше за значењето на волонтерството во државата и во меѓународни рамки а беше прочитана и порака од г.дин Стево Пендаровски, Претседател на РСМ кој срдечно се заблагодари за придонесот на волонтерите на Црвениот крст. Доделени се 11 Благодарници на истакнати волонтери кои дадоа посебен придонес во реализацијата на целите и задачите на националното друштво во 2021 година. Благодарниците беа доделени од страна на г.ѓа Елизабета Ѓоргиеска, сопруга на Претседателот на РСМ, и генералниот секретар на Црвен крст на РСМ, д-р Саит Саити. На настанот исто така имаше изложба на постери со мотиви од работата на волонтерите на Општинските организации Црвен крст и ЦКГ Скопје. На 5-ти Декември беа организирани различни активности на ООЦК и ЦКГ Скопје ширум државата со цел да се подигне свеста за значењето на волонтерскиот придонес во локалните заедници.

**633**

основни организации на Црвен крст на локално ниво

**18.000**

регистрирани членови

# ПРОГРАМИ НА ЦРВЕН КРСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## СОЦИЈАЛНО – ХУМАНИТАРНИ ПРОГРАМИ

### Социјални услуги на Црвениот крст на РСМ

Една од приоритетните цели на Црвениот крст на РСМ е развој на социјалните услуги за поддршка на различни целни групи население со цел да се даде придонес кон намалување на ранливоста на населението, заштита на човековото достоинство и да се обезбеди подобар квалитет на живот на граѓаните кои се соочуваат со одредени предизвици во заедниците.

### Лична асистенција на лица со попреченост

Црвениот крст на РСМ со поддршка на МТСП четврта година во континуитет е вклучен во развој на услугите за лична асистенција на лица со попреченост кои се испорачуваа во текот на годината. Преку ЦКГ Скопје и ООЦК Битола, Струга, Струмица, Гостивар, Неготино и Велес услугата беше испорачана за вкупно 198 корисници од страна на 134 ангажирани лични асистенти. Корисници на услугата лична асистенција се лица со потешка и најтешка телесна попреченост и потполно слепи лица. Редовно се остваруваа координативни средби на локално ниво со претставници на центрите за социјална работа, асистентите и корисниците во врска со реализирање на услугата. Во периодот Ноември и Декември, беше спроведена евалуација за услугата лична асистенција за периодот Јануари – Октомври 2021 година. Истата е реализирана преку ЦКГ Скопје и вклучените ООЦК согласно стандардите за спроведување на услугата лична асистенција на лица со попреченост. Од заклучоците во извештајот од евалуацијата може да се забележи дека постои големо задоволство кај корисниците од испорачаната услуга. На 22 и 24 Септември 2021 година беа одржани работилници со претставници на ЦКГ Скопје и 11 општински организации, на кои беа дискутирани прашања за актуелни состојби, предизвици во спроведување на услугата за лична асистенција на лица со попреченост, новини врзани со законските промени од страна на државата за намалување на возрасната граница за испорака на услугата почнувајќи од 6 години и истата може да ја користат лица со навршени 65 години, а беа споделени и позитивни практики за испорака на услугата.

### Нега и помош на стари лица и лица со попреченост во домашни услови

Црвениот крст на РСМ има долгогодишно искуство во обезбедување на поддршка на старите лица. Искуството покажа дека постарите луѓе претпочитаат да добиваат услуги за помош и нега во домот - затоа што во нивниот дом се чувствуваат пријатно, мирно и безбедно. Ова е и еден од заклучоците на истражувањето на Црвениот крст на РСМ, каде се бележи дека голем број на стари лица во земјата имаат потреба од социјални и здравствени услуги во нивните домови.

Со измени на Законот за социјална заштита, се регулира можност за испорака на услугата помош и нега во домот, врз основа на кој, Црвениот крст на РСМ верификуваше нова посебна програма за обука на негуватели. Врз основа на програмата во текот на годината спроведени се обуки а од месец октомври со поддршка на МТСП започна со испорака на услуги за нега на стари лица во домашни услови, со исклучок на Нега Центарот на ЦКГ Скопје преку кој веќе четврта година се спроведуваат услуги за нега на стари лица. Во текот на годината се спроведе и процес на лиценцирање на неколку ООЦК и ЦКГ Скопје за провајдери на социјални услуги за помош и нега во домот. До крајот на годината услугата за нега се испорачува преку ЦКГ Скопје и 6 ООЦК, со која се ангажирани 79 негуватели а опфатени се вкупно 152 стари лица. Девет ООЦК проектно се поддржани од страна на МТСП, финансирани од Светска банка. Од следната година се очекува да се зголеми бројот на ООЦК кои ќе ја спроведуваат услугата за нега и помош на стари лица и лица со попреченост. Со цел услугите да бидат достапни до поширoката јавност, Црвениот крст на РСМ изгради концепт за испорака на социјалните услуги и за граѓани кои можат да ја користат истата со одреден надомест за да се обезбеди одржлив развој на социјалните сервиси.




## Развој на социјални услуги во заедниците

На објавениот повик од страна на МТСП, општините во партнерство со граѓанските организации во заедниците аплицираа за грантови наменети за проекти за развој на социјални услуги во локалните заедници. Средствата од грантот, обезбедени од Светска банка, наменети се за воспоставување и финансирање на услугата, по утврдена цена за период од 12 месеци.

Дел од Општините во РСМ аплицираа на повикот во соработка со Црвениот крст на локално ниво. ЦКГ Скопје и осум ООЦК (Струмица, Кавадарци, Кочани, Крива Паланка, Кичево, Струга, Демир Хисар и Дебар) потпишаа договори со МТСП за финансирање на проекти за развој на услугата за нега и помош на стари лица и лица со попреченост. Спроведени се обуки за негуватели за помош и нега на стари лица и лица со попреченост организирани преку ЦКГ Скопје и ООЦК верификувани за спроведување на програмата за обука на негуватели. МТСП на 30 Март 2021 година организираше информативна сесија на која беа дадени насоки за имплементација на проектните активности, како и информација за спроведување на процесот на лиценцирање на организациите како провајдери за испорака на услуги до крајните корисници.

## Грижа и поддршка за старите лица

Сервисите за грижа и помош на старите лица се едни од приоритетните цели на Црвениот крст на РСМ кои во наредниот период треба да се развиваат во националното друштво. Проектот грижа за стари лица во домашни услови кој се имплементира преку ЦКГ Скопје продолжи да се спроведува со поддршка на градот Скопје, Фондацијата Албиз и Швајцарскиот Црвен крст.

Ангажирани се 10 волонтери на Црвениот крст и 5 медицински лица кои испорачуваат социјални и здравствени услуги на 200 стари лица во домашни услови. Континуирано продолжија да се имплементираат и програмските активности за старите лица во дневните центри за стари лица и центри за давање помош во домашни услови со простории во ДХО „Даре Џамбаз", во ООЦК Чаир, како и во просториите на ОУ во Општина Сарај. Исто така во текот на годината продолжија да се имплементираат активности и во Дневниот центар во Гази Баба. На месечно ниво во дневните центри во просек се реализираа околу 537 посети.

Преку клубовите на стари лица, кои функционираат преку ООЦК Крива Паланка, Неготино, Велес, Охрид и Прилеп, во текот на годината беа реализирани активности за здраво стареење. Со појава на пандемијата во нашата земја, активностите преку клубовите за стари лица беа насочени кон превенција и заштита од КОВИД 19, активности за набавка на намирници на стари лица преку мобилните тимови на Црвениот крст, спроведени здравствено превентивни работилници и др.

## Зајакнување на отпорноста на старите лица и лицата со попреченост за време на КОВИД-19 и идни катастрофи

Проектот е тригодишна иницијатива во регионот на Западен Балкан, координирана од Црвениот крст на Србија и поддржана од Европската унија, Австриската агенција за развој и Австрискиот Црвен крст. Започна кон крајот на 2020 година и ги поврзува партнерите од националните друштва на Црвениот крст и здруженија на граѓани од Албанија, БиХ, РСМ, Црна Гора, Србија и Косово и мрежите на здруженијата на граѓани во државите кои ги претставуваат постарите лица и лицата со попреченост.

Црвениот крст на РСМ и здружението Хуманост се заеднички партнери во имплементација на проектните активности во РСМ. Целта на проектот е постарите лица, лицата со попреченост, националните друштва на Црвен крст и здруженијата на граѓани подобро да се справат со КОВИД-19 во земјите од регионот. Со проектот воспоставени се пет телефонски линии за психо-социјална поддршка на граѓаните и тие функционираат преку ЦКГ Скопје и ООЦК Кочани, Битола, Велес и Гостивар. За полесно справување со топлотниот бран, беа промовирани препораки за старите лица. На 8 Ноември во Белград се одржа координативен состанок со сите партнери во рамките на проектот за да се претставаат досегашните имплементирани проектни активности и да се дискутираат предизвиците со кои се соочуваат партнерите во реализирање на активностите.

## Стратешки план за здраво стареење

Во текот на годината беше подготвен Стратешки план за здраво стареење 2021 – 2025 година, документ со кој Црвен крст на РСМ изразува силна решителност и подготвеност да се преземат низа активности, преку креирање на визија, остварливи стратешки цели и приоритети се со цел да се справиме со предизвикот за здраво стареење и вклучување на старите граѓани во активен општествен живот. Во развојниот план се инкорпорирани и досегашни искуства, знаења и практики кои во изминатите години ги стекна националното друштво преку имплементација на активности за активно и здраво стареење.

## Старите лица и пристап до интегрирана и индивидуална здравствена грижа во Северна Македонија

На 22 Март 2021 година Црвениот крст на РСМ учествуваше на Тркалезна маса на тема: „Старите лица и пристап до интегрирана и индивидуална здравствена грижа во РСМ" во организација на СЗО – Скопје. Целта беше да се споделат резултатите од проценката на СЗО за здравствената заштита во РСМ, поврзана со стареењето спроведена во Септември 2019 година - Јануари 2020 година. На панел сесијата Црвениот крст со свој претставник учествуваше на тема „Потребна поддршка и обуки за негувателите".


ЦРВЕН КРСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
KRYQI I KUQ I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

# ПРОЕКТИ ЗА ПОДДРШКА ЗА ИНКЛУЗИВЕН РАЗВОЈ НА УСЛУГИ ЗА ДОЛГОРОЧНА ГРИЖА ВО ЗАЕДНИЦИТЕ

Во 2020 година, Црвениот крст на РСМ започна со имплементација на активности во рамки на социјално-здравствените проекти “Развој на деловни услуги за интегрирана грижа и поддршка во Црвен крст на РСМ” проект поддржан од Австриската Агенција за развој и Австриски Црвен крст, и “Поддршка за инклузивен развој на услуги за долгорочна грижа во заедниците” ИНКАРЕ преку инкорпорирање на партиципативни пристапи на различни чинители, поддржан од Европската Комисија.

Во 2021 година беа спроведени подготвителни активности за воспоставување и пилотирање на услугата Итно копче на територијата на град Скопје. Беше креиран Контакт центар за Итно копче. Набавени се 120 мониторинг аларм уреди и креирани се две технички решенија – софтверска апликација за следење на корисниците на аларм уредите и мобилна апликација за волонтерите кои се дел од системот за помош на терен “Спасител при итен случај”. Обезбедени се две наменски возила за превоз на лица кои не се во можност самостојно да обезбедат превоз за користење на здравствена, социјална, или друга административна услуга заради старост, болест, неможност или потешкотии, самостојно да се движат - услугата е предвидена да се пилотира во наредната година на територија на градот Скопје.

Во рамки на проектот Инкаре организирана е дводневна работилница за Теорија на промени со владини и невладини претставници, за преглед на можности за промена на политиките и системите за долгорочна нега и грижа во државата и вмрежување на услугата Итно копче со останатите социјални услуги.

Во рамки на проектот, поддржан од Австриска Агенција за развој креирани се две студии на изводливост за воспоставување на социјално-медицински центри во Скопје и Дојран. Подготвените студии за изводливост имаат за цел да бидат темел за креирање на бизнис планови од страна на интернационални експерти, за потенцијални можности на финансирање од меѓународни развојни банки и фондови. Во рамките на третиот столб, преку Регионалниот тренинг центар во ООЦК Струмица обучени се 44 лица од ООЦК Радовиш, Валандово, Гевгелија и Струмица, преку три напоредни обуки со што учесниците се стекнаа со сертификат за негувател/ка за помош и нега на стари лица и лица со попреченост. Кон крајот на годината започната е и четврта обука со која се опфатени вкупно 19 долгорочно невработени лица.



## Ублажување на ефектите и последиците од КОВИД-19

Во рамките на проектните активности „Ублажување на ефектите и последиците од КОВИД-19 врз најранливите во општеството со посебен фокус на постарите луѓе“ поддржан од страна на Австриското Министерство за социјална работа, здравство, грижа и заштита на потрошувачите и Австрискиот Црвен крст, предвидени се организирање на пет обуки за негуватели за помош и нега на старите лица и лицата со попреченост.

Исто така со проектот се предвидени и обуки за едукаторите кои ја спроведуваат обуката. Проектот започна со имплементација од месец Септември и беше спроведена една обука за вкупно 14 негуватели преку ООЦК Куманово, од кои 10 лица ќе бидат ставени во функција за потребите на Здружението „Порака Наша“ кои се поддржани со проектните активности.

На 24 Септември 2021 година остварена е средба со г-дин Хералд Фугер – Аташе во Австриското Министерство за социјална работа, здравство, грижа и заштита на потрошувачите. Целта на средбата беше да се истакне досегашната позитивна соработка и поддршка која Австриското министерство ја обезбедува преку Австрискиот Црвен крст за развој на социјални услуги наменети за различни целни групи на ранливо население.

Особено беше истакната поддршката која е обезбедена за имплементација на проектните активности насочени за развој на капацитетите на националното друштво за квалитетна испорака на услуги за помош и нега на старите лица во домашни услови.

Црвениот крст на РСМ на 07 Декември го отвори новиот Едукативен тренинг центар за обука на возрасни во Скопје.

На отворањето присуствуваше Министерката за образование и наука, претставник на Австрискиот Црвен крст, како и претставници на институции, установи и партнери со кои Црвениот крст остварува тесна соработка за спроведување на верификуваните програми за обука.

## КОВИД-19 одговор за подобрување на социо - економската ситуација на маргинализираните лица

Проектот поддржан од Австриската агенција за развој и Австрискиот Црвен крст започна со реализација во октомври со организирање на обука за негуватели за помош и нега на стари лица и лица со попреченост преку ООЦК Битола. Со обуката беа опфатени вкупно 12 долгорочно невработени жени. Со проектот е предвидено да се организираат вкупно седум обуки кои ќе се имплементираат во текот на 2022 година. Исто така за едукаторите кои ги реализираат обуките предвидено е да се организираат едукации со цел да се зајакнат нивните вештини за спроведување на програмата за обука за негуватели.

## Подобрување на социјализација на деца и млади со попреченост

Во рамки на Проектот „Подобрување на социјализацијата на деца и млади со попреченост“, поддржан од Комерцијална банка АД Скопје вклучени беа ООЦК Велес, Кичево, Гостивар, Дебар, Делчево, Прилеп, Кавадарци и ЦКГ Скопје, преку кои во текот на годината се имплементираа активностите за подобрување на социјализацијата на децата од дневните центри и децата во згрижувачки семејства. Со проектните активности опфатени беа 340 деца со попреченост на возраст од 3-26 години.

## Едукативни тренинг центри

Како верификуван спроведувач на посебни програми за возрасни, Црвениот крст дава придонес во градење на системот на образование на возрасните во државата, обезбедува висок квалитет на учење и можности за стекнување на квалификации во согласност со потребите на населението. Во досегашниот петгодишен период обучени се 750 невработени лица кои се стекнале со соодветен сертификат, преку 16 едукативни тренинг центри на Црвениот крст, од кои 4 центри покриваат дополнителни 8 општини.

Обучените лица помагаат во испорака на квалитетни социјални услуги за граѓаните - помош и нега на лица кои поради возраст, хронични болести, попреченост и др. причини се во состојба



на изнемоштеност и неможност да се грижат за себе, како и лична асистенција на лица со попреченост со цел да се придонесе за независно и самостојно живеење на лицата со попреченост и нивно активно и рамноправно учество во заедницата.

## Обуки за лични асистенти на лица со попреченост

Во 2021 година беше верификувана нова програма на Црвениот крст на РСМ за обуки за лична асистенција на лица со попреченост. Во текот на годината беше спроведен процес на верификација на Црвениот крст во неколку општини во земјата како провајдер на обуки. Преку ЦКГ Скопје и ООЦК Битола, Штип, Неготино и Струмица, се спроведоа обуки за лична асистенција на лица со попреченост. Вкупно 76 кандидати следеа обука и се стекнаа со државно признат сертификат за лични асистенти на лица со попреченост.

## Обуки за негуватели за помош и нега на стари лица и лица со попреченост

Црвениот крст на РСМ втора година во континуитет ја спроведува новата програма верификувана од Центарот за образование на возрасни, за спроведување на обуки за  негуватели за нега и помош на стари лица и лица со попреченост во Скопје и 16 општини во земјата. Црвениот крст на РСМ обезбеди поддршка од страна на МТСП преку Светска банка, за 10 обуки за  негуватели за помош и нега на стари лица и лица со попреченост кои беа организирани преку ЦКГ Скопје и 8 ООЦК. Беа обучени 170 долгорочно невработени лица. Во рамки на проектот поддржан од Австриската агенција за развој и Австрискиот Црвен крст, отворен е регионален центар за обука за негуватели на стари лица и лица со попреченост. Центарот е раководен од ООЦК Струмица и функционира за потребите и на ООЦК Гевгелија, Радовиш и Валандово. Организирани се три обуки со кои беа обучени 45  негуватели од Струмица, Радовиш, Валандово и Гевгелија. Со поддршка на Бизнис & Стратегија Европа преку  ЦКГ Скопје обучени се 15 негуватели. Со поддршка на УНФПА организирани се три обуки во ООЦК Крива Паланка, Делчево и Гостивар со кои се обучени 30 негуватели. Во текот на годината организирани се обуки и во ООЦК Неготино, Битола, Охрид. Во 2021 година со обуките беа опфатени 396 негуватели.

## Обуки за палијативни негуватели на изнемоштени лица и асистенција за нега на лица од алцхајмерова болест

Црвениот крст на РСМ во соработка со УНДП, подготви програми за обуки за палијативни негуватели на изнемоштени лица, како и програма за обука на асистенти за нега на лица со алцхајмерова болест. Програмите се верификувани од Центарот за образование на возрасни.  Преку ЦКГ Скопје спроведена е обука за палијативна нега поддржана од страна на УНДП со која се обучија 13 лица.

# ДОБРИ ПРАКТИКИ - ПУНКТОВИ ЗА БЕЗДОМНИЦИ

## ЦРВЕН КРСТ НА ГРАД СКОПЈЕ, ООЦК БИТОЛА, И ООЦК СТРУМИЦА

Пунктот за бездомници во Момин Поток во Скопје е отворен во 2008 година и успешно 13 години во континуитет ја дава потребната помош и поддршка на бездомните лица. Бездомните лица во пунктот добиваат услуги од фризер/бербер, преглед и совети од доктор како и лекови, топол оброк и напитоци, стручно-советодавен разговор со социјален работник и психолог. Во текот на годината се реализирани 2127 посети кај докторот. Кај профилот социјален работник вкупно реализирани беа 783 посети. Од страна на социјалниот работник извадени се лични документи на 156 лица (лични карти, извод на родени, здравствени книшки и др.) За овие лица по обезбедувањето на документите започнати се процеси за добивање на социјална помош или за остварување на друго право од областа на социјалната заштита. Во 2021 година се реализирани 104 стручно-советодавни разговори од страна на психологот со бездомните лица. Во текот на 2021 година пунктот беше посетен од 160 бездомници, со вкупно 8.223 реализирани посети, и поделени 23.759 парчиња облека на оваа целна група. Успешното функционирањето на пунктот во голем дел се должи на донациите на долгогодишните партнери кои соработуваат со Црвениот крст.

Во период од годината кога беа екстремно ниски температури функционираше и пунктот за бездомници во Битола каде се регистрирани 19 бездомни лица кои беа поддржани со материјална помош од страна на ООЦК Битола.

ООЦК Струмица за 5 бездомни лица помогна во одржување на нивната лична хигиена и обезбедување облека и заштитни маски и средства за дезинфекција.



# КАМПАЊИ НА ЦРВЕНИОТ КРСТ НА РСМ

## Глобална кампања за борба против дискриминација

По повод 1 Октомври – Меѓународниот ден на старите лица Црвениот крст на РСМ се приклучи во глобалната кампања за борба против дискриминација по основ на возраст (ageism) под мотото #СветЗаСитеВозрасти (#AWorld4AllAges). Кампањата беше иницирана од Светска здравствена организација (СЗО) со вклученост на МФЦК/ЦП. Кампањата започна на 1 Октомври и траеше до 20 Ноември. Спроведено е истражување за перцепции за постење на дискриминација по основ на возраст меѓу општата популација. Податоците треба да послужат како основ за понатамошно истражување и преземање на активности за вклученост на Црвениот крст во борбата против овој тип на дискриминација.

## „Помислете и на нас“

Црвен крст на РСМ се вклучи во глобалните акции за борбата против гладта со организирање на кампања под мотото „Помислете и на нас“, која се спроведе од 16 до 22 Октомври преку ООЦК и ЦКГ Скопје. Со кампањата Црвениот крст даде придонес во севкупните напори за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост на граѓаните. Со кампањата обезбедени се средства во висина од 325.740 ден. Од донираните средства, како и помошта од акциите, обезбедена е вкупно 13.340 кг. храна и истата е дистрибуирана на 1.458 лица во социјален ризик. Во кампањата беа вклучени вкупно 298 волонтери на Црвениот крст.

## „Вашиот прилог – значајна помош“

Црвениот крст на РСМ од 19 до 24 Април 2021 година во рамките на „Неделата на солидарност“ организираше хуманитарна акција под мотото: „Вашиот прилог - значајна помош“. Акцијата имаше за цел да се подигне свеста на населението за потребната меѓусебна поддршка, и да се обезбеди соодветна помош за најранливите категории на население. Помошта во храна, средства за хигиена и средства за дезинфекција, и парични средства се обезбедуваше од правни субјекти и граѓани. Од собраните средства (232.741 ден) беа обезбедени пакети со храна. Во акцијата беше обезбедена вкупно 9759 кг храна, 5580 кг облека, 1424 кг средства за хигиена и 636 обувки. Помошта се дистрибуираше на 2047 семејства во социјален ризик.

## „Сите сме нивни деца“

Црвениот крст на РСМ од 15 до 21 Ноември 2021 година ја одбележа „Неделата на грижа за старите лица“ под мотото: „Сите сме нивни деца“ со цел да се подигне јавната свест за потребата од зголемена интеграција и поддршка на старите лица во сите сфери на општествениот живот. Активностите беа подржани од УНФПА за функционирање на 8 мобилни тимови за бесплатна услуга за набавка и достава на храна, хигиена, лекови и др. на стари и осамени лица, 15 информативни работилници со старите лица за нивно запознавање со правата од социјална и здравствена заштита со цел подобрување на нивниот квалитет на живеење и здраво стареење, и одржување на 3 обуки за негуватели за помош и нега на стари лица и лица со попреченост. Со обуката беа опфатени 30 долгорочно невработени ранливи лица. Во текот на неделата организирани беа и едукативни работилници на теми од интерес за постарите граѓани, тематски работилници за поттикнување на социјална инклузија на старите лица, и др.

## Превенција од трговија со луѓе

Црвениот крст на РСМ како член на Секретаријатот на Националната Комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција преку имплементација на превентивни активности дава придонес во борбата против овој глобален проблем преку учество во одбележување на 18 Октомври – Европскиот ден на борба против трговија со луѓе со организирање на превентивни активности за врсничка едукација на младата популација. Беа организирани 23 превентивни работилници со кои 450 ученици од основни и средни училишта имаа можност да се запознаат со начините преку кои можат да бидат вовлечени во трговијата со луѓе и нивна самозаштита. Во текот на годината организирани се 62 превентивни работилници со кои беа опфатени вкупно 1.447 лица.

# ДОБРИ ПРАКТИКИ

## ЦРВЕН КРСТ НА ГРАД  СКОПЈЕ

**„Копче“.** Во текот на годината продолжи со имплементација проектот „Копче“, проект создаден за да овозможи поефикасен систем на дистрибуција на облека до лицата во ризик, лесен пристап до облека со ниски цени за сите граѓани со цел да го зачува достоинството на оние кои имаат ниски примања, а не бараат помош, вработување на ранливи целни групи и придонес во зачувување на животната средина.

Во 2021 година граѓаните  донираа 55 тони облека во контејнери за донации, а околу 962 граѓани донираа облека директно во продавница. Континуирано се реализираше соработка со 12  јавни установи и институции каде што се донирани вкупно 15.320 парчиња облека, а за лица во социјален ризик поделено е вкупно 4.241 парче облека, односно за 388 лица или  125 семејства во социјален ризик ја добија потребната облека преку Пункт за бесплатно делење, со што се донирани  19.561 парче облека.

Во текот на годината продавницата ја посетија околу 4250 граѓани. Во продавницата за облека тековно се внесени вкупно  8.951 парче половна облека, а продадени се 4.389 парчиња облека, обувки и модни додатоци. Во текот на 2021, волонтерите посветија 1.623 часа доброволна работа како поддршка за работата на „Копче“. Согласно со визијата на „Копче“ за подигнување на свеста за зачувување на животната средина се реализираат работилници за повторна употреба на дел од донираната половна облека, од која се изработуваат производи користејќи пачворк техника, совесно и свесно се грижи за превенција од создавање отпад, рециклирање и употреба на рециклирана содржина со тоа што облеката која повеќе нема начин како да се искористи се рециклира во фабриката Усје.



КОПЧЕ 2021

КОПЧЕ

# ЗДРАВСТВЕНО-ПРЕВЕНТИВНИ ПРОГРАМИ

Во текот на 2021 година Црвениот крст на РСМ активно работеше на подигање на свеста на населението за заштита и превенција на болести, со посебен акцент на КОВИД-19 пандемијата. Инвестиравме во воспоставување на здравствени сервиси и центри од одржлив карактер. Преку ефективна комуникација и едукација имавме за цел да ја подигнеме јавната свест на ранливото население за важноста и значењето на мерките за превенција од КОВИД-19 и на тој начин да придонесеме кон намалување на инциденцата на нови случаи на КОВИД-19. Сите преземени активности беа согласно мерките за превенција и контрола на КОВИД-19 пандемијата.

## Проектни активности за поддршка на ранливо население за време на КОВИД-19 пандемијата

### Соработка со СЗО

Црвениот крст на РСМ во рамки на проектот „Поддршка за информирање на постарата и ромската популација за подигање на свеста за заштитни мерки и вакцинација против КОВИД-19" во соработка со регионалната канцеларија на СЗО- Скопје во периодот од 20 Септември до 31 Декември 2021 година разви и имплементираше теренски активности за подигање на свеста за заштитни мерки и вакцинација против КОВИД-19 наменети за ромската популација и старите лица. Волонтерите на Црвен крст на РСМ заедно со здравствените медијатори од ромска популација поделија 5.000 флаери со информации за најчести митови поврзани со КОВИД-19 вакцинацијата кај ромската популација на територија на град Скопје. Во рамките на овој проект ЦКГ Скопје во Ноември 2021 отвори КОВИД-19 СОС телефонска линија каде старите лица имаа можност да се информираат за сите непознаници поврзани со КОВИД-19 вакцинацијата.

### Соработка со УНФПА

Црвениот крст на РСМ како партнерска организација, во периодот Ноември-Декември 2021 година ги поддржа активностите на УНФПА во рамки на проектот „Безбедни и иновативни здравствени услуги во време на КОВИД-19". Активностите се реализира во соработка со Министерство за здравство, Македонска асоцијација на гинеколози и опстетичари - МАГО и Македонско лекарско друштво - МЛД. Волонтерите на Црвениот крст на РСМ активно беа вклучени во административно-логистичка поддршка на мобилната гинеколошка амбуланта во Свети Николе и соработуваа со матичните доктори и локалните невладини организации за да се информираат жените кои живеат во пооддалечените места за работата на мобилната гинеколошка амбуланта.

## Проект за итно справување со Ковид-19

Во рамките на Проектот за итно справување со Ковид-19 финансиран од Светска Банка, имплементиран од Министерството за труд и социјална политика на РСМ со кого Црвен крст на РСМ - Црвен крст на град Скопје потпиша договор, беше реализирана набавка и дистрибуција на хигиенски производи до ранливи категории на корисници. Со теренски посети до крајните корисници, преку општинските организации на Црвен крст на територија на цела држава беа дистрибуирани 54.887 пакети со хигиенски производи, наменети за ранливи категории корисници, по списоци добиени од МТСП. Во рамките на оваа активност, реализирана беше и дистрибуција на торбички со книги како дел од иницијативата "Читаме дома", наменети за дечиња од семејства од социјален ризик.

## Поддршка на КОВИД-19 вакциналните пунктови

Со започнување на масовната вакцинација против КОВИД-19, Црвениот крст на Република Северна Македонија во текот на 2021 обезбеди поддршка на Министерството за здравство во 13 градови во државата. Вкупно 178 волонтерите на ЦКРСМ од почетокот на масовната вакцинација против КОВИД-19 до 31 Декември 2021 обезбедија поддршка на населението на вакциналните пунктови преку следниве активности:

- административна поддршка - 979 577 граѓани
- прва помош-14 291 граѓани
- психолошка прва помош, 254 747 граѓани
- транспорт на ранлива категорија на население до вакцинални пунктови -1524 граѓани
- вакцинација на мигранти - 38 мигранти



# АКТИВНОСТИ ЗА СПРАВУВАЊЕ СО КОВИД-19 НИЗ БРОЈКИ:

**941**
опфатени лица со бесплатната услуга за достава на храна, хигиена, лекови итн.

**3.438**
опфатени лица со услугата и телефоните за психосоцијална поддршка, совети и препраќања.

**4.306**
лица опфатени во останати активности (медицински прегледи и совети).

**13.552**
дистрибуирани семејни пакети со храна (ранливи категории)

**32.696**
дистрибуирани семејни пакети со хигиена (ранливи категории)

**5.728**
дистрибуирани дезинфекциски сетови (ранливи категории и КОВИД центри)

**95**
дистрибуирани бебешки пакети

**3.701**
дистрибуирани оброци за бездомници

**6.358**
дистрибуирани топли оброци за останати групи

**299**
ангажирани возила

**40**
дезинфекциски средства од 10 л (КОВИД Центри)

**85.134**
дистрибуирани заштитни ракавици (ранливи категории и КОВИД центри)

**95.877**
дистрибуирани заштитни маски (ранливи категории и КОВИД центри)

**360**
вреќи од 6 кг прашок за перење (КОВИД центри)

**400**
визири (КОВИД центри)

**396**
ангажирани пумпи за дезинфекција

**4.538**
асистирани бездомници со хигиена, дезинфекција, облека итн.

**3.017**
доставени лекови за хронични болни во карантин и онколошки терапии

**20**
слушни апарати (донација Турска Црвена полумесечина)

**80**
инвалидски колички (корисници и КОВИД центри)

**412**
кутии со облека (донација од Германски Црвен крст)

**100**
сетови постелнина со ќебе (КОВИД центри)

**2.031**
ангажирани волонтери/стручна служба

**104.203**
волонтерски часови

**7.139**
лица опфатени во останати активности (дистрибуција на постери, јавни кампањи)

Дистрибуција на 3.000 постери за промоција на хигиена и заштита од КОВИД-19



## Обука за обучувачи за здравствена грижа при итни состојби

Во периодот од 26-ти до 30-ти Декември 2021 година во Струга се одржа обука за обучувачи на темата „Здравствена грижа при итни состојби" подржан од Меѓународната Федерација на Црвен крст и Црвена полумесечина, Регионална канцеларија за Европа. Цел на обуката на која учествуваа 18 претставници од ООЦК/ЦКГ Скопје беше да се зајакнат знаењата и вештините на волонтерите и вработените за здравствена грижа при итни состојби, здравје и прва помош во заедницата, меѓу-агенциска координација и обезбедување техничка експертиза и поддршка за подготовка на здравствен одговор при итни состојби на ООЦК/ЦКГ Скопје базиран на меѓународни стандарди и изработка на Итен план за акција за здравствена грижа.

## Одбележување на Недела на борба против рак

Неделата на борба против ракот се одбележа во периодот од 01-08 Март под мотото „Јас можам и Јас ќе успеам"– во борбата против ракот". Беа одржани 42 едукативни предавања од страна на доктори волонтери во ООЦК во основните и средните училишта, членови на клубови на млади, здруженија на пензионери, работни организации и волонтери во општинските организации. Со овие активности се опфатени 2123 лица.

## Одбележување на Недела на борба против шеќерна болест

Црвениот крст на РСМ традиционално ја одбележа Неделата на борба против шеќерната болест (дијабет) од 10-16 Октомври 2021 година под мотото „Здрав начин на живот и дијабетот". Во таа насока со цел да го дадеме нашиот придонес во континуирани напори за превенција на шеќерната болест, ООЦК и ЦКГ Скопје преземаа активности за подигнување на свеста од ризиците за појава на шеќерната болест преку споделувања на објави на социјалните мрежи и спроведување на 54 едукативни работилници за ризична целна група на кои беа опфатени 577 лица.

## Одбележување на Недела на борба против ХИВ/ СИДА

Оваа година Црвен крст на РСМ согласно календарот на традиционални активности во периодот од 1-7 Декември 2021 год. ја одбележа Неделата на борба против ХИВ/СИДА под мотото „Знаењето е најдобра превенција од ХИВ инфекција„.

За одбележување на неделата ООЦК организираа 60 едукативни врснички работилници за ХИВ/СИДА на 1519 млади лица во средните училишта, на кои беа делени кондоми, промотивен и информативен материјал и изработени се 2 кратки едукативни видеа со пораки за превенција од ХИВ/СИДА. Сите овие активности беа во насока на подигнување на јавната свест за важноста од превенција и рано дијагностицирање на ХИВ/СИДА со посебен акцент на младата популација и намалување на стигмата поврзана со луѓето кои живеат со ХИВ вирусот.

## Одбележување на Недела на борба против туберкулоза

Црвениот крст на РСМ во периодот од 14-21 Септември 2021 година ја одбележа Неделата на борба против туберкулоза. За оваа цел се реализираа голем број на едукативни предавања, работилници каде што беа опфатени 2,524 лица од различни целни групи. На овој начин сакаме да ја подигнеме јавната свест за важноста на општото здравје, социјалното и економско влијание на туберкулозата (ТБ) и да го поттикнеме забрзувањето на напорите за ставање крај на глобалната епидемија на ТБ.

## Посета на делегација на МФЦК/ЦП

Во периодот 29-01.07.2021 година Црвениот крст на РСМ беше посетен од страна на претставници на Европската регионална канцеларија на МФЦК/ЦП д-р. Даврон Мукамадиев – Регионален координатор за здравје и грижа и др. Анета Тргачевска – Регионален делегат за програми за здравје и активно стареење. За време на посетата се одржа средба со Генералниот секретар на Црвен крст на РСМ д-р Саит Саити, и со стручната служба во Црвен крст на РСМ и ЦКГ Скопје, како и со претставници од СЗО и УНФПА. Претставниците на МФЦК/ЦП го посетија Центарот за прва помош, Пунктот за бездомници, Центарот за крводарување, Оперативниот центар и логистичкиот центар на Црвен крст на РСМ. За време на посетата беа претставени активностите на националното друштво и се дискутираа можности за развивање на идни иницијативи и споделување на добри практики во работата.

## Климатски промени - превенција на здравјето од топлотни и студени бранови

Веќе неколку години Црвениот крст на РСМ активно се вклучува со превентивни и теренски активности во насока на заштита на населението од топлотниот бран кој ја зафаќа нашата земја во летниот период. За време на топлотните бранови, Црвениот крст на РСМ преку општинските организации презеде активности за обезбедување на флаширана негазирана вода која им се дистрибуираше на граѓаните, информативно едукативни материјали со совети за заштита на своето здравје од топлотни бранови, бесплатно мерење на крвен притисок на граѓаните кои имаа потреба од тоа, како и обезбедување на прва помош при евентуална потреба од истата. Во рамките на теренските активности, ангажирани беа 55 волонтери и поделени се 7100 шишиња на вода во периодот од 11-16 часот за време на деновите со топлотен бран. Црвениот крст на РСМ активно се вклучи во подигање на јавната свест за намалување на последиците од студен бран со објава на превентивни флаери, видео клипови, за заштита и самозаштита во зимски услови.



## Донација на респиратори за Министерството за здравство

Црвен крст на РСМ по повод одбележување на Светскиот ден на Црвениот крст и Црвената полумесечина му донираше на Министерството за здравство триесет и пет неинвазивни респиратори со комплетна помошна опрема како и проспекти и видео обука за користење од Швајцарската фирма BCD microtechnique SA во вредност од 320.000 CHF. Респираторите беа распределени во Делчево (3), Струмица (4), Велес (5), Охрид (4), Кавадарци (2), Битола (5), Јасеново (2), Неготино (2), Кичево (3), Гевгелија (3) и Кочани (2). Црвениот крст донираше и 60 медицински наткасни, 60 постелнини, средства за дезинфекција и хигиена за Клиниката за трауматологија, ортопедски болести, анестезија, реанимација и интензивно лекување и ургентен центар.

## Намалување на штети од употреба на дрога

Намалување на штетите од употреба на дрога е проект наменет за лицата – корисници на дрога и се спроведува преку ООЦК Кичево, Велес и Прилеп. Центрите отворени во ООЦК имаат за цел да нудат медицински и социјални услуги на корисниците како и да ги снабдуваат истите со кондоми и стерилен прибор за инјектирање. Во 2021 година беа опфатени 619 лица. Поделени се вкупно: 85.687 игли и 58.777 шприцеви и стерилен сет за инјектирање, 4.258 кондоми, 2520 лубриканти и 2357 ИЕК на лица кои инјектираат дрога.





# ПРВА ПОМОШ

Со својот авторитет и долгогодишно работење на планот на унапредување и развој на дејноста во делот на првата помош, Црвениот крст на РСМ во текот на 2021 година  работеше на зајакнување на постојните материјални и човечки капацитети во обезбедување на ефикасни и квалитетни услуги од областа на првата помош, воведување на нови и развој на постојните програмски активности, нивна имплементација, промоција и зајакнување на партнерската соработка.

## Освежителни курсеви по прва помош

Во текот на месец Јануари, реализирани се 6 освежителни курсеви за 198 актуелните предавачи и демонстратори кои реализираат обуки за различни целни групи во рамки на ООЦК и ЦКГ Скопје. Целта на овие предавања беше активните предавачи и демонстратори да се запознаат со новините во областа на првата помош, новите материјали кои се достапни за нивна доедукација и проширување на нивните знаења во оваа област.

## Обуки за прва помош за кандидати за возачи и за правни лица

Црвениот крст на РСМ има долгогодишно искуство и традиција во едукација на населението за важноста на правилно и навремено пружање на прва помош во случај на незгоди вклучувајќи ги и сообраќајните незгоди со што се помага во намалување на повредите и зголемување на шансите за преживување. ООЦК и ЦКГ Скопје во текот на годината реализираа 2.432 курсеви по прва помош за возачи каде беа опфатени 27.864 кандидати и 217 курсеви по прва помош  за правни лица и беа обучени 1.419 лица. Во 2021 година реализирани се 4 курсеви за  нови предавачи и демонстратори за курсевите по прва помош за возачи и обучени се 65 кандидати и одржан е еден курс за 27 кандидати за предавачи за курсевите по прва помош за работни организации. Со овие обуки Црвениот крст на РСМ има за цел да создаде нови кадри на квалитетни предавачи и демонстратори кои на правилен и соодветен начин ќе го пренесат своето знаење од областа на прва помош на кандидатите за возачи на моторни возила и работни организации.

## Посета на делегација на Републички совет за безбедност во сообраќајот на патиштата

На 07.07.2021 Црвениот крст на РСМ беше посетен од делегација на Републичкиот совет за безбедност во сообраќајот на патиштата предводена од претседателката Гордана Кожуваровска и Ристо Манчев. Делегацијата беше примена од Генералниот секретар на Црвен крст на РСМ, д-р Саит Саити. Во разговорите генералниот секретар Саити ја претстави работата на Црвениот крст на РСМ, како и активностите кои се преземаат за подобрување на едукацијата по првата помош за кандидати за возачи и можностите за заедничка соработка и спроведување на заеднички кампањи.

## Одбележување на Светски ден на прва помош

Црвениот крст на РСМ на 11-ти Септември преку ООЦК и ЦКГ Скопје традиционално го одбележа Светскиот ден на прва помош под мотото “Биди херој во твоето училиште и заедница!“ На 28 локации низ целата територија на државата се организираа промотивни штандови за реално прикажување на повреди и начинот на нивно санирање со цел да се подигне свеста кај населението за значењето на првата помош како вештина која спасува живот. Промотивните штандови се дел од низата активности кои ги презема националното друштво во текот на месец Септември за афирмација на оваа животоспасувачка алатка.

**2.432**

курсеви по прва помош за возачи

**27.864**

кандидати опфатени со курсеви по прва помош за возачи



## Национален онлајн квиз по прва помош

На 20-ти Септември 2021 организиран е првиот Национален онлајн квиз по прва помош на кој учествуваа 100 млади организирани во дваесет екипи од Клубовите на млади на ООЦК/ЦКГ Скопје. Квизот претставуваше можност младите да ги освежат и потврдат своите знаења од областа на првата помош како значајна животоспасувачка вештина.

## Обуки

Црвениот крст на РСМ во месец Јуни и Октомври 2021 година во Центарот за кадри и рекреации "Солферино" во Струга спроведе две тренинг обуки на тема „Јакнење на капацитетите на националното друштво во програмите за прва помош". Целта на овие работилници беше да се подобрат техниките и методологијата за подготовка и реализација на курсеви/обуки/тренинзи и соодветна административна подготовка и планирање на истите. Работилниците се спроведени од лиценциран тренер од Црвениот крст на РСМ согласно дадените насоки за реализација на тренинг за тренери од МФЦК/ЦП и на нив учествуваа 26 вработени и волонтери од ООЦК/ЦКГ Скопје.

Во рамките на проектот на МФЦК/ЦП за поддршка на процесот на КОВИД-19 вакцинацијата во РСМ, реализирани се 8 обуки по прва помош на 174 волонтери ангажирани на КОВИД-19 вакциналните пунктови.

**217**

курсеви по прва помош
за правни лица

**1.419**

кандидати опфатени со курсеви
по прва помош за правни лица

# КРВОДАРИТЕЛСТВО

## Крводарителски акции

Црвениот крст на РСМ и Институтот за трансфузиона медицина во 2021 година реализираа 53.133 единици крв или планските обврски ги исполнија со 102.18% и споредено со 2020 година забележани се подобри резултати за 6.387 единици крв. Во градот Скопје, ООЦК Гази Баба, Карпош, Кисела Вода, Центар и Чаир во 2021 година реализираа 17.221 единица крв или планските обврски ги исполнија со 116.11%, и во споредба со 2020 година бележат подобри резултати за 1.470 единици крв.

Во ООЦК од внатрешноста, во 2021 година реализирани се 35.912 единици крв или во споредба со 2020 година постигнати се подобри резултати за 4.737 единици крв. Во Градската општа болница "8-ми Септември" во Скопје, во службата за трансфузиона медицина во 2021 година се реализирани 1.633 единици крв.

Во Дневниот центар за дарување на крв во ДХО "Даре Џамбаз" во Скопје во 2021 година реализирани се 2.593 единици крв од кои 2.033 со самоиницијативно дарување на крв од граѓаните на Скопје и преку организирани крводарителски акции се собрани 560 единици крв што во споредба со 2020 година претставува подобар резултат за 150 единици крв. Тимот за координација, во текот на 2021 година одржа 86 координативни состаноци и координираше 683 крводарителски акции на терен.

## Едукации за доброволно крводарителство

Во периодот од 12-14 Март 2021 година во Струга се одржа семинар за крводарителство на тема "КОВИД-19". На семинарот се донесени заклучоци кои се однесуваат на промоција на активности за унапредување на крводарителство, подготовка на мобилна апликација за крводарителство, организирање на форум, семинари и работилници на тема КОВИД-19 и обуки за мотиватори за доброволно крводарителство и медиумска кампања за подигнување на јавната свест за доброволно крводарителство.

Во периодот од 02-04 Јули 2021 година и од 10-12 Септември 2021 година во Струга се одржаа два семинари на тема "Влијанието на медиумите и социјалните мрежи во крводарителство". На семинарите покрај темата беа опфатени содржини како што се значењето на социјалните медиуми за непрофитни организации, трендови на социјалните медиуми, интегрирање офлајн и онлајн, техники на пишување за социјалните медиуми и др.

Во периодот од 03 до 05 Декември 2021 година во Струга се одржа семинар за крводарителство со студенти на тема "Кампања и техники за социјални медиуми". Преку содржините за комуникација и кампањи и социјални медиуми учесниците се запознаа со значењето на комуникациите, начините на комуникација во градењето на односи со идните крводарители, можностите на социјалните медиуми за планирање, организирање на кампањи и информирање за истите.

Низ работата во групи учесниците креираа три кампањи и подготвија соопштенија за социјалните медиуми, а низ процесот на евалуација споделија свои мислења, впечатоци и сугестии за работата и за унапредување на крводарителството.

**683**

крводарителски акции

**53.133**

реализирани единици крв

## 17 Март
## Ден на крводарителството во РСМ

На 17 Март 2021 година се одржа вебинар на кој пригодно обраќање имаше претседателот на Црвен крст на РСМ проф. д-р Ромел Велев кој се осврна на улогата, задачите и целите на Организацијата. За време на настанот беа прикажани неколку видео материјали со содржини од работата на Црвениот крст на полето на крводарителството.

## Трет Форум за доброволно крводарителство

По повод 14 Јуни – Светскиот ден на крводарителството од страна на Црвен крст на РСМ беше организиран Трет Форум за доброволно крводарителство, кој се одржа во периодот од 11-13 Јуни 2021 година во Струга во хотел „Солферино„ на тема "Стратегија за доброволно крводарителство на Црвен крст на РСМ". Дискусиите беа насочени кон задржување на постојните редовни крводарители, регрутирање и привлекување на нови крводарители и нивна едукација.




**102.18%**

исполнети плански обврски за 2021 год.

**86**

состаноци на тимот за координација

## Дарување на крв на Претседателот на Република Северна Македонија

На 15 Јануари 2021 година во Дневниот центар за дарување на крв во ДХО “Даре Џамбаз”, за време на пандемијата со КОВИД-19, даруваа крв Претседателот на РСМ г-дин Стево Пендаровски и неговиот син Огнен Пендаровски.

## Благодарници за крводарителски акции

Црвениот крст на РСМ и Институтот за трансфузиона медицина за време пандемијата КОВИД-19 организираа крводарителски акции во средните училишта во градот Скопје. По тој повод во текот на месец Јуни 2021 година на најуспешните средни училишта “Васил Антевски – Дрен”, “Панче Караѓозов”, “Цветан Димов” и “Орце Николов” им беа доделени благодарници за успешно органи зирани крводарителски акции. На настанот беа доделени благодарници за поддршка и соработка во крводарителството и на градоначалникот на град Скопје г-дин Петре Шилегов и на Секторот за образование на град Скопје.

## Благодарници по повод ”Светскиот ден на крводарителството“

Црвениот крст на РСМ, по повод 14 Јуни - Светскиот ден на крводарителството се приклучи кон глобалната кампања за промоција на крводарителството под мотото „ Дарувај крв и придонеси светот да продолжи да се движи“. Црвениот крст на РСМ заедно со Институтот за трансфузиона медицина додели благодарници во знак на благодарност за досегашната соработка на полето на крводарителството на Министерството за здравство, Министерството за внатрешни работи и на Министерството за одбрана, а на министерот за здравство Венко Филипче, министерот за внатрешни работи Оливер Спасовски и на министерката за обрана Радмила Шеќеринска за личен пример, поддршка, поттикнување и соработка.



# МЕНТАЛНО ЗДРАВЈЕ

Менталното здравје е важна компонента за севкупното лично и колективно здравје и добросостојба. Личните фактори како загуба, невработеност, сериозна повреда или колективните фактори како пандемија, природна катастрофа или економска криза ги нарушуваат личните капацитети на единката да се справи со ефектите на овие феномени и ова се одразува врз неговото психичко функционирање и здравје. Големата стапка на невработеност, изолација и семејното насилство кои произлегоа како резултат на пандемијата вршат притисок врз капацитетите за справување на населението, и како резултат се појавува хроничен стрес и различни здравствени предизвици. Во текот на годината Црвениот крст на РСМ реализираше повеќе активности за зајакнување на отпорноста на населението и промовирање на менталното здравје кај корисниците, вработените и волонтерите.

## Обуки

Во 2021 година се одржаа 11 обуки и предавања во сферата на менталното здравје и психосоцијалната поддршка. Повеќе од 100 волонтери ги поминаа истите при што се стекнаа со основни знаења од темите: психолошка прва помош на лице кое се соочува со криза, психосоцијална поддршка на население во вонредни услови, психолошка прва помош преку телефон. Обуките беа од интерактивен карактер, со симулациски вежби но и практични знаења за вработените и волонтерите.

## Поддршка на итни служби

Во 2021 година се случија пожарите во Источниот дел на Република Северна Македонија и во нивното гасење се вклучија припадници на противпожарни служби, припадници на МВР но и волонтери од општото население. Спроведувајќи процена на психо-социјални потреби и согледувајќи ја потребата на нивно поддржување и помагање во процесот на справување, Црвениот крст на РСМ во соработка со Комората на психолози, на 03.09.2021 реализираше вкупно 5 дебрифинг сесии за лицата кои учествуваа во гаснењето на пожарите во Кочани, Берово и Делчево. Ваков вид на психолошка поддршка добија 46 лица. За поддршка на населението погодено од кризите, старите лица и лицата со попреченост се отворија С.О.С линии за емотивна и информациска поддршка.

## Психосоцијална поддршка на евакуирани лица

Психосоцијалните потреби на лицата кои се евакуираат од разни подрачја се од особена важност за Црвениот крст. Тие најчесто пристигнуваат од воени зони и имаат доживеано различни стресни настани. Црвениот крст на РСМ во соработка со Комората на психолози со цел да ја подобри психосоцијалната состојба на евакуираните лица од Авганистан, организираше психолошки индивидуални и групни сесии одржани од страна на стручни лица. Поддршката кон нив тече во вид на средби на неделно ниво, и продолжува и во 2022 година.

## Промоција на систем за ППП и ПСП

Црвениот крст на РСМ на 09.07.2021 година одржа настан за претставување на концепт за воспоставување на систем за испорака на прва психолошка помош и психо-социјална поддршка на ранливи групи како и на севкупното население како во услови на криза, така и во мирновременски услови. На настанот присуствуваа Генералниот секретар на Црвен крст на РСМ д-р Саит Саити, Елизабета Ѓоргиевска, сопруга на Претседателот на РСМ, министерот за здравство Венко Филипче, заменик – министерот за труд и социјална политика Енвер Хусејин, претставник на министерството за образование Душан Томшиќ, претставници од Министерство за одбрана, Министерство за внатрешни работи, и Министерство за здравство. Присуствуваа и претставници меѓународни организации како што се УНИЦЕФ, УНФПА, УНДП, Делегација на Европска Унија, но и организации и асоцијации релевантни на дејноста како Центар за социјална работа, Комора на психолози, Здружение на социјални работници, Универзитетската клиника за психијатрија и преставници на други организации.

Црвениот крст во текот на 2021 година работеше на подготовка на план за акција за воспоставување на организиран систем за психосоцијална поддршка во катастрофи и развивање на нови методи кои ќе се базираат на силна меѓусекторска соработка меѓу институциите, семејствата, училиштата, работодавачите и здравствените работници, како и сите останати чинители во системот на кризниот менаџмент на државата.




## ДОБРИ ПРАКТИКИ

### ЦКГ СКОПЈЕ, ООЦК БИТОЛА, ООЦК ВЕЛЕС, ООЦК ГОСТИВАР И ООЦК КОЧАНИ

**Телефонски линии.** Предизвиците кои ги донесе пандемијата беа особено тешки за лицата со попреченост и старите лица како најзагрозена група од пандемијата. Загрижени за своето здравје, оддалечени од своите семејства поради безбедносни причини, со ограничено движење и во неизвесност поради различните извори на информации, на нив најмногу им беше потребна поддршка. Црвениот крст за оваа цел, од месец Мај отвори 5 телефонски линии во 5 региони (Битола, Велес, Гостивар, Скопје и Кочани) со цел да им даде поддршка на старите лица и на лицата со попреченост. Тие можеа да се обратат секој работен ден на линиите и да добијат веродостојни информации во врска со пандемијата, информации за вакцини, упатување до потребната правна, медицинска или друга стручна помош. Споделени беа и флаери за промовирање на сервисот кај матични лекари и ординации, а сервисот беше промовиран и на радио и гостувања во утрински ТВ емисии. Во периодот од мај до декември имаше 783 телефонски јавувања.

# ПОДГОТВЕНОСТ И ОДГОВОР ПРИ КАТАСТРОФИ

Акцентот на активностите на Црвен крст на РСМ за подготвеност и одговор при катастрофи во 2021 година, беше ставен на обезбедување одговор и опоравувањето од пандемијата со КОВИД-19. Активностите беа организирани преку Оперативниот центар на ЦКРСМ, во форма на планирање, обезбедување на хуманитарна помош и анализа на добиени информации од ООЦК/ЦКГ Скопје. Активности се спроведуваа согласно со Стандардните оперативни процедури на Црвен крст на РСМ, и препораки добиени од Владата на РСМ и МФЦК/ЦП. Оперативниот центар ги координираше активностите со државните институции и организации вклучени во системот за управување со кризи, и во координација со Регионалната канцеларија на МФЦК/ЦП во Будимпешта и националните друштва на Црвен крст во регионот.

## Шумски пожари

Природните катастрофи се зачестена појава во РСМ. Годинава РСМ беше погодена од серија шумски пожари од голем размер во регионите на Делчево, Куманово, Прилеп, Криво Паланка, Радовиш, Охрид, Кочани, Дебар, Штип, Кичево, Скопје, Битола, Берово и Пехчево. За одговор на оваа катастрофа Владата на Република Северна Македонија, во месец Август 2021 година прогласи кризна состојба на целата територија на РСМ. Од страна на Центарот за управување со кризи, формиран е кризен штаб, составен од претставници кои се дел од системот за управување со кризи во РСМ со учество на Црвен крст на РСМ кој ги операционализираше своите активности преку ООЦК со тимови за проценка и одговор во загрозените региони.

Црвен крст на РСМ, објави апел за прибирање на финансиски средства за погоденото население, и во фондот за солидарност собрани се 2.000.000.00 денари. Тимовите за одговор при катастрофи на Црвен крст на РСМ во првата фаза обезбедуваа логистичка поддршка и прва помош на силите кои се справуваа со пожарите а во втората фаза обезбедена е хуманитарна помош за загрозеното население. Црвен крст на РСМ преку ДРЕФ фондот на МФЦК/ЦП обезбеди 457,192.48 швајцарски франци за справување со шумските пожари и набавка на хуманитарна помош за опоравување на ранливото население зафатено со шумски пожари. Во целокупната операција со хуманитарна помош беа опфатени 12.612 лица или 4.204 семејства. Црвен крст на РСМ организираше основна обука за справување со шумски





пожари со учество на 30 лица од тимовите за одговор при катастрофи од ООЦК/ЦКГ Скопје, кои беа активно вклучени во справување со шумските пожари.

## НАТО-СПС практична вежба

Црвен крст на РСМ зеде учество на НАТО вежбата "Северна Македонија 2021 преку партиципирање во планирачкиот процес, организација на вежбата и учество со тимови за одговор при катастрофи (65 волонтери). На НАТО вежбата за прв пат се вклучи областа планинското спасување во која спасителната служба на ООЦК Охрид учествуваше во подготовката на сценаријата и имплементација со целосна организациона и логистичка поддршка.

## Справување од опасности од неексплодирани убојни средства

Црвениот крст на РСМ учествуваше на обука за Опасности од неексплодирани убојни средства организирана од Факултетот за безбедност – Скопје. На работилницата се дискутираа предизвиците кои постојат при справување со неексплодирани убојни средства и импровизирани експлозивни направи, како и начините на кои модерната технологија може да се примени во операциите за нивно неутрализирање. Спроведена е кампања за подигање на свеста за опасности од неексплодирани убојни средства во Охрид.

## Посета на делегација на Турска Црвена полумесечина

Во Март 2021 година. Генералниот директор на Турската Црвена полумесечина, г-дин Ибрахим Алтан го посети Црвен крст на РСМ. Целта на посетата беше предавање на хуманитарна помош составена од 100 инвалидски колички, 25 слушни помагала и 500 пакети со хигиенски средства за ранливото население, за Ковид центрите во РСМ, како и продлабочување на соработката на двете националните друштва. Посетата резултираше со донација од 50 шатори од 16.5м2, 250 ќебиња и 100 душеци од Турската Црвена полумесечина.

## Подготвеност за ефективен одговор при катастрофи

Проектот претставува процес на самопроцена за селекција на јаки и слаби ООЦК/ЦКГ Скопје со цел добивање на искуства и препораки, работа

и анализа на документи во националното друштво групирани во логичка рамка во 37 области. Имплементацијата на предвидените активности треба да се финализира во 2022 година, а се однесуваат на ажурирање на стандардни оперативни процедури за подготвеност и капацитети за одговор на при катастрофи на Црвен крст на РСМ - модул за одговор на епидемија, преглед и анализа на постојната правна рамка и на сите аналитички документи кои се однесуваат на програмата за подготвеност и одговор при катастрофи.

## Проект X – STOCK

Во 2021 година започна реализација на проектот X – STOCK, чија главна цел е да го подобри прекуграничното управување со итни случаи во Бугарија, Хрватска, Црна Гора, Северна Македонија и Србија преку зајакнување на прекуграничната подготвеност со заедничко управување со стоковите резерви за итни случаи. Во ноември 2021 година во Струга се одржа вториот партнерски состанок во рамките на проектот X-STOCK. Партнерите на проектот детално ги претставија националните ресурси со кои располагаат, обрнувајќи внимание на ресурсите на националните друштва на Црвен крст како во делот на човекови ресурси, стокови резерви предвидени за итни состојби така и во делот на инфраструктурата и логистиката односно магацини, возен парк, специјализирани тимови и др.

## ЕРАЗМУС+, Безбедни училишта и градинки

Организиран е завршен настан за проектот „Безбедни училишта и градинки" на кој се презентираа проектните резултати како и Националните препораки за застапување за намалување на ризици од катастрофи, прва помош и психосоцијална поддршка во случај на катастрофи во образовни институции. Во рамките на проектот беа подготвени Европски и Национални препораки за застапување за намалување на ризици од катастрофи, прва помош и психосоцијална поддршка во случај на катастрофи во образовни институции.

## Активности на Црвен крст на РСМ за одговор на КОВИД-19

Во рамки на операцијата за справување со последиците од КОВИД-19 се одржа обука за едукатори за промоција на хигиена и заштита од КОВИД-19. На обуката учествуваа 18 претставници на ЦКГ Скопје и ООЦК.

## Помош за погодени семејства од пожарот во модуларната болница во Тетово

На 08.09.2021 година, модуларната болница за Ковид пациенти во Тетово беше зафатена со пожар во кој животот трагично го загубија 15 лица, пациенти и лица затекнати во болницата во моментот на избувнување на пожарот.

Во тие тешки моменти на загуба на најблиските, Црвениот крст на РСМ уште еднаш ја докажа својата хуманост, преку собирање и доделување на парична помош на семејствата на загинатите граѓани во пожарот, за што веднаш објави повик за донација до граѓаните на Република Северна Македонија за учество со одредена сума на парични средства во Фондот за  солидарност на Црвен крст на РСМ.

Вкупниот износ на донирани парични средства од физички и правни лица изнесуваше 3.825.450,00 денари. Собраните средства беа префрлени на семејствата на загинатите.

## Помош за семејства на настраданите во сообраќајната несреќа во Бугарија

По случување на стравичната  трагична сообраќајна несреќа на патнички автобус во Република Бугарија на 23.11.2021 година во која животот го загубија 45 државјани на Република Северна Македонија и 7 повредени лица Црвениот крст на РСМ  ги стави во функција сите механизми за хуманитарна помош за повредените и семејствата на настраданите со нудење на прва психолошка поддршка, материјална и финансиска поддршка.

Преку објавениот повик за донирање на хуманитарна помош во Фондот за солидарност на Црвениот крст на РСМ вкупно беа донирани 4.807.911,00 денари од физички и правни лица. Во соработка со надлежните државни органи средствата беа префрлени на семејствата на загинатите и повредените.


ЦРВЕН КРСТ НА РЕПУБЛИКА
KRYQI I KUQI I REPUBLIKËS

# Безбедност на вода

Курсевите за безбедност на вода во 2021 година се организираа според посебни протоколи. Одржани се два курса за едукација на спасители на вода на отворени и затворени води и се оспособени 34 лица. Центарот за безбедност на вода во Охрид, за безбедноста на капачите на Охридското езеро ангажираше 54 спасители а Центарот за безбедност на вода во Скопје, ангажираше околу 30 спасители на вода во Аква паркот во Скопје и останатите базени. Исто така Црвен крст на РСМ учествуваше во изборното собрание на ИЛСЕ кое се одржа преку ЗООМ апликацијата.



# Безбедност на планина

Во двете Планинско спасителни станици (ПСС): Димитар Боцевски“ - Матка и “Даре Бомбол“ - Водно беа ангажирани 222 волонтери. Во ПСС Водно во текот на цела година имаше 111 дена дежурства за време на викенди и државни празници а тимовите интервенираа 52 пати, при што 17 повредени лица, заради тежината на повредите се препратени во УКЦ. Во ПСС Матка реализирани се 28 дена дежурства и со 5 интервенции на тимовите. Во 4 наврати тимот за спасување на планина зеде учество на пребарување и спасување на 7 изгубени лица на Водно.

## ДОБРИ ПРАКТИКИ

### ООЦК ОХРИД

ООЦК Охрид го имплементираше вториот проект за безбедност на планина, финансиран од Европската Унија, преку ИПА програмата за прекугранична соработка со Албанија. Набавена е опрема за спасување во зимски услови, која придонесе за успешна реализација на голем број спасувачки операции и асистенции.

На СОС бројот 13-112 регистрирани се 50 повици, од кои 12 беа за повредени лица, 25 асистенции за извлекување на заглавени возила на планината Галичица, 2 асистенции за спасување домашни миленичиња, а во останатите повици дежурните тимови асистираа преку СОС телефонот, со совети за безбедна евакуација на лица од планина. Исто така реализирани се обуки за употреба на нова специјализирана опрема за спасување во зимски услови, како и обуки со армискиот воздухопловен ВИНГ за делување во спасувачки операции каде е потребно извлекување на повредени лица со воздухоплов.

# Алатка за помош во средства преку готовински трансфер

Во рамки на проектот „Зајакнување на отпорноста на старите лица и лицата со попреченост за време на КОВИД-19 и идни катастрофи“ поддржан од Европската унија, Австриската агенција за развој и Австрискиот Црвен крст, од 5 до 7 Мај 2021 година во Струга, беше одржана работилница за спроведување самопроцена на националното друштво за користење на алатката за финансиска поддршка на ранливото население преку готовински трансфер. Подготвен е и акционен план за спроведување на активности за развој на готовински трансфер алатката. Од 08 до 12 Ноември 2021 година во Белград беше одржана едукативна работилница за примена на алатката за финансиска помош во готовински и ваучер поддршка. На работилницата учествуваа претставници од национални друштва од регионот. Во текот на минатата година подготвен е план на активности за спроведување на процес за дистрибуција на помош со готовински трансфер на 1000 стари лица и лица со попреченост. Целната група е мапирана во соработка со МТСП. Помошта ќе се реализира во првото тромесечје на 2022 година.

# ПРОГРАМА ЗА ПОДДРШКА НА МИГРАНТИ

Во текот на 2021 година Црвениот крст на РСМ континуирано обезбедуваше поддршка за мигрантите кои поминуваа или престојуваа во РС Македонија. Клучни приоритетни активности на овој план беа обезбедување на медицинска и хуманитарна асистенција на мигрантите и бегалците кои се во прифатните центри во Табановце и Винојуг, како и намалување на ранливоста на бебињата, децата, мајките, старите лица и лицата со специфични потреби. Исто така беше обезбедувана медицинска и хуманитарна асистенција на ирегуларните мигранти и бегалци, зајакнување на координирани активности заедно со сите вклучени владини институции кои работат на терен, рана интеграција и инклузија на барателите на азил и лицата под супсидијарна заштита, дистрибуција на маски, ракавици и средства за дезинфекција за заштита од Ковид 19 и хуманитарна асистенција на граѓани евакуирани од Авганистан. Црвениот крст обезбедуваше 24 часовна поддршка во центрите во Винојуг и Табановце, Куманово, со екипи за прва помош и екипи за логистичка поддршка и пограничните региони со Р. Србија и Р. Грција. Тимот кој е ангажиран на терен брои 30 лица кои се распоредени во 6 тимови и тоа медицински тим, логистички тим, тим за дистрибуција како и тим за служба барање. Обезбедувана е и медицинска асистенција три пати во неделата за лицата сместени во Прифатниот центар за странци Гази Баба – Скопје. Во текот на годината вкупно се дистрибуирани 6905 пакети и 12 552 топли оброци. Реализирани се 20 случаи на семејно обединување. Во 2021 година 13 лица се дел од програмата за интеграција.

## Активности со евакуирани граѓани од Авганистан во РСМ

- Организирани курсеви по англиски јазик за возрасни и деца (72 лица)
- Организиран курс по основи за компјутери за 47 лица
- Организиран курс по калиграфија за 33 лица
- Организиран курс по македонски јазик за 17 лица
- Организиран курс по сликање за 48 лица
- Организирани се часови за читање на Куранот за 24 лица
- Направени се вкупно 372 транспорти за медицински услуги
- Набавени се 38 пара очила по препорака на офталмолог
- Набавена е терапија за 47 хронични пациенти на месечно ниво
- Направени се 312 интервенции од страна на парамедиците од Црвен крст
- Детско катче наменето за деца во хотелите функционира секој ден од 9 до 17 часот
- Соба за комуникација во хотелот (Белви и Континентал) (17 лаптопи со интернет конекција)
- Психосоцијална помош и поддршка со психотерапевт 2 пати во неделата за групни и индивидуални сесии
- Инфо - катче на Црвениот крст во хотелите (3 локации)
- Рекреативни активности (ЗОО, екскурзии, кино)



| Место | Бројка на бегалци/ ирегуларни мигранти |
|---|---|
| Прифатно Транзитен Центар Винојуг, Гевгелија | 515 |
| Транзитен Центар Табановце, Куманово | 2257 |
| Мобилен тим Лојане, Ваксинце, Липково | 8899 |
| Мобилен тим Гевгелија (ирегуларни мигранти) | 5204 |
| Прифатен центар за странци - Гази Баба - Скопје | 235 |

| Место | Асистенции и интервенции |
|---|---|
| Прифатен Транзитен Центар Винојуг, Гевгелија | 3544 |
| Транзитен Центар Табановце, Куманово | 725 |
| Мобилен тим Лојане, Ваксинце, Липково | 2451 |
| Прифатен центар за странци - Гази Баба - Скопје | 317 |

**Дистрибуција на вода, храна и хигиена.** Во периодот јануари - декември 2021, поддршката обезбедена преку центрите, и за ирегуларните мигранти е следна:

| | |
|---|---|
| Вода (шише 0.5л) | 49,655 |
| Топли готвени оброци | 9130 |
| Сет за бричење | 1875 |
| Паста и четка за заби | 1101 |
| Сапун и пешкир | 1406 |
| Заштитни маски и ракавици | 3633 |

| | |
|---|---|
| Пакети со храна | 6905 |
| Топли напитоци (супа и чај) | 3362 |
| Шампони и влажни марамици | 881 |
| Ќебе | 5126 |
| Облека за возрасни | 509 |

# МЛАДИ НА ЦРВЕН КРСТ НА РСМ

Младите од Црвениот крст на РСМ се ентузијастични, амбициозни и посветени млади кои своите капацитети, знаења, способности и слободно време ги инвестираат во исполнување на мисијата на организацијата и помагаат на лицата на кои име потребна поддршка. Младите во текот на 2021 година беа активни чинители во активностите за превенција и справување со КОВИД-19 на националното друштво односно во тимовите за одговор при катастрофи, мобилните тимови за поддршка на ранливото население како и поддршка на процесите на вакцинација. Изминатата година ја заокружуваме со над 1.910 активни волонтери и 4.142 членови од редовите на младите.

## Врснички едукации

Врсничката едукација е процес во којшто добро обучени и мотивирани млади луѓе извршуваат неформални или организирани образовни активности со млади блиски по возраст, ставови или интереси. Тоа се едукации каде млади луѓе им пренесуваат информации на своите врсници. Системот на врснички едукации на Црвен крст на РСМ опфаќа низа активности за превентивно делување на најразлични теми како што се ХИВ/СИДА и сексуално преносливи болести, болести на зависности, борба против трговија со луѓе и слично.

## Летен камп 100% Црвен крст

По една година пауза, беше одржан Летниот младински камп 100% Црвен крст кој оваа година се организираше во период од 15-21.7.2021 година во тренинг центарот Велестово, Охрид. На летниот камп учество зедоа 32 претставници од 29 Клубови на млади од ООЦК/ЦКГ Скопје. На Летниот камп беа елаборирани теми како што се: основи на младинско работење, младинско организирање, регрутација на волонтери, менаџмент со Клуб на млади, планирање и развој, нови перспективи во младинското работење и научени лекции од пандемијата од Ковид-19.

## Недела на млади

Во низата можности за оддавање признание на младите за нивниот придонес и учество во организацијата во рамки на календарот за традиционални активности е одбележувањето на Неделата на млади и од први до седми Октомври која годинава се одбележа под мотото "Нашата приказна продолжува со тебе!" Активностите беа насочени кон афирмација на младинското учество, промоција на можностите кои ги нудат Клубовите на млади како и регрутација на нови млади во организацијата. Клубовите на млади на ООЦК и ЦКГ Скопје организираа низа теренски активности во текот на месец октомври.

## Програма за зајакнување и унифицирање на работата на Клубовите на млади

Во текот на 2021 година започна со имплементација пилот фазата на Програма за зајакнување и унифицирање на работата на Клубовите на млади која има за цел преку менторски систем да помогне во процесот на менаџмент на волонтери и подобра реализација на мисијата на Црвениот крст преку исполнување на минимум услови за успешен клуб на млади. Во рамки на програмата се ангажирани 10 млади лица во улога на фасилитатори на процесите во 10 Клубови на млади на територијата на РСМ. Програмата генерално придонесе за развивање вештини и навики за правилен менаџмент во Клубовите на млади, зголемување на мотивацијата кај младите и зајакнување на процесите на планирање и испорачување на услуги.

| Тема | Работилници | Опфатени лица |
|---|---|---|
| Превенција од ХИВ/СИДА и СПИ | 74 | 2770 |
| Превенција од болести на зависности | 63 | 3877 |
| Борба против трговија со луѓе | 70 | 1462 |
| Промоција на хигиена | 64 | 1170 |
| Прва помош | 109 | 1338 |
| Забоздравствена заштита | 32 | 690 |
| ВКУПНО | 412 | 11307 |



## Неделата на млади низ бројки:

- вклучени 26 Клубови на млади од ООЦК и ЦКГ Скопје
- остварени 11 гостувања во радио и телевизиски емисии
- снимени се 15 видео записи
- објавени се 7 статии во локални електронски медиуми
- организирани се 3 спортски настани
- 18 промотивни штандови
- насликани 13 мурали/графити
- вклучени 355 волонтери од Клубовите на млади
- регрутирани над 250 потенцијални млади волонтери

# ЦРВЕН КРСТ ВО АКЦИЈА-ПРОМОЦИЈА НА ХУМАНИ ВРЕДНОСТИ

Програмата во 2021 година мораше да биде реорганизирана заради пандемија со Ковид-19 и неможноста младите да работат во тимови заради заштита на нивното здравје. Почнувајќи од 21 Јануари, еднаш неделно се реализираа едночасовни онлајн обуки за постојни и потенцијални волонтери во целата држава. На овој начин младите имаа можност да ги зајакнат своите капацитети во различни области и да се поттикне желбата за само-учење и истражување на области од интерес. Обуките ги спроведуваа ЦКА-ПХВ инструктори на теми како што се тимска работа, вештини на презентирање, кариерни советувања за работа и избор на универзитет за студирање, поддршка во заедница, вештачка интелигенција, еко-систем и многу други интересни нешта. Вкупно во 2021 година беа одржани 39 работилници на кои присуствуваа 3.436 младинци или во просек околу 88 младинци на работилница. За поголема мотивација на ПХВ инструкторите, беше испечатена книгата "Моја ПХВ корона приказна" во која се објавени по една напишана приказна од секој инструктор, како се справуваа со ситуацијата за време на корона. Беа снимени 30 ПХВ песни за време на ПХВ недела од 21-27 Септември и беше изработено ЦД кое се дистрибуираше до секоја ООЦК, и песните се постирани на ПХВ youtube каналот за да се споделат со пошироката публика. Промоцијата на ЦД-то "За сите нас"се случи на 5 Декември на настанот организиран од Црвен крст на РСМ по повод Светскиот ден на волонтерството. Во рамките на ПХВ недела во 2021 година беа изработени повеќе од 40 игри за на маса и електронски игри кои се користат во Општинските организации во Клубовите на млади и во одделите за дисеминација.




**39**

одржани работилници

**3.436**

младинци кои учествувале на ЦКА-ПХВ работилници

Црвен крст на Република Северна Македонија

ПОЧЕТНА | КОИ СМЕ НИЕ | НОРМАТИВА | ПРИНЦИПИ | ДЕЈНОСТИ | МЛАДИ НА ЦК | КОРПОРАТИВНА СОРАБОТКА | ПУБЛИКАЦИИ



# ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ

## Доверба и комуникации

Бевме сведоци на време кога беше важно да се обезбедат јасни, доследни и сигурни здравствени информации кои беа од клучно значење за обезбедување сигурна и ефективна комуникација со населението. Црвениот крст на РСМ инвестираше големи напори во навремено комуницирање и пренесување на пораки кои придонесоа за заштита и превенција на населението од КОВИД-19. Тоа го правевме преку нашите традиционални форми на директна комуникација со корисниците но и преку инкорпорирање на софистицирани форми на комуницирање преку социјалните и дигитални медиуми. Придонесот и ангажманот на Црвениот крст на РСМ во измината година ни даваат за право да веруваме дека нашата репутација во локалните заедници е уште поголема. Довербата во нас, ни овозможува да бидеме уште поефикасни.

## Е – весник Инфо

Неделните изданија на електронскиот весник на Црвениот крст, се успешна алатка за информирање на нашите волонтери, партнери, соработници за активностите кои ги реализираме на локално, национално и меѓународно ниво. Во 2021 година беа подготвени 106 броеви на е - весникот Инфо со вкупно објавени 1.198 текстови. Весникот се дистрибуираше до 84.232 е-маил адреси.

## Фонд за видливост

Со средства од Фондот обезбедени се униформи за ООЦК и ЦКГ Скопје за имплементација на теренски активности.

## Публикации

Традиционалните недели дефинирани во Законот за Црвен крст, како и голем број на проектни активности и стратешки документи во рамките на издавачката дејност на националното друштво и оваа година редовно беа надополнувани со брошури, флаери, постери, прирачници, доплатни марки и друг вид на изданија. Носејќи ги во себе хуманитарните пораки се постигнаа значителни резултати кај целните групи, а воедно и позитивно се влијаеше на подигањето на имиџот на националното друштво. Сите изданија се подготвени на македонски и на албански јазик, а дел од нив и на англиски и јазик.

## Соработка со медиуми

Подготвени се 20 соопштенија за средствата за јавно информирање и остварени се јавни настапи на медиуми, за промоција на активностите на Црвен крст на РСМ.

## Социјални мрежи на ЦКРСМ

Надградувањето на Facebook, Instagram и интернет страницата на ЦКРСМ овозможуваат простор за објавување на поголем број разновидни информации, чија структура таргетира различни категории на посетители. Волонтерите и другите граѓани ги посетуваат странците со цел да дојдат до информации за настани, места за донирање, па дури и начин на вклучување во организацијата и нејзините активности.

**106**
објавени броеви на е-весник во 2021 год.

**1.198**
статии од ЦКРСМ/ООЦК/ЦКГС за е-весникот

**84.232**
број на лица до кои е споделуван е-весникот




# ДИСЕМИНАЦИЈА И МЕЃУНАРОДНО ХУМАНИТАРНО ПРАВО

## Дисеминациски сесии

На полето на дисеминација, ООЦК и ЦКГ Скопје презедоа низа активности за ширење на знаењата за Меѓународното Движење на Црвениот крст и Црвената полумесечина, вредностите на организацијата како и основите на Меѓународното хуманитарно право. Во текот на 2021 година организирани се вкупно 269 дисеминациски сесии преку кои се опфатени околу 6.845 лица.

## Одбележување на 8-ми Мај

Светскиот ден на Црвениот крст и Црвената полумесечина -8 Мај и Неделата на Црвениот крст на РСМ (8-15 Мај) се одбележаа под мото: #НЕЗАПИРЛИВИ. Меѓународното Движење на Црвен крст и Црвена полумесечина го одбележува овој ден во чест на Анри Динан, основоположникот на Движењето, кој е роден на 8 Мај 1828 година. На тој ден ширум светот националните друштва на Црвен крст и Црвена полумесечина преку најразлични активности ја подигаат свеста за значењето на основните принципи и вредности, активности за привлекување на нови членови и волонтери во Движењето и оддавање признание и благодарност до нашите партнери за поддршката која ја обезбедуваат на Црвениот крст и Црвена полумесечина. Претседателот на Црвен крст на РСМ проф. д-р. Ромел Велев преку видео обраќање истакна дека мотото се должи на напорите на Движењето да одговори на последиците од пандемијата од Ковид-19 вирусот. Сето она што го направија волонтерите и службата беше во функција да им се помогне на луѓето за подобро да се справат со пандемијата.

## Обука за напредна дисеминација

Во насока на унапредување на системот на дисеминација на Националното друштво во период од 9 до 11 Јуни 2021 година се организираше обука за дисеминатори за напредна дисеминација. Обучени се 15 дисеминатори кои се стекнаа со знаења и вештини за претставување на Движењето на Црвениот крст и Црвената полумесечина со посебен осврт на Црвен крст на РСМ преку дисеминациски модули за институции, медиуми и потенцијални донатори и партнери од корпоративен сектор. Обуката беше поддржана од МКЦК.

## Кампања за афирмација на работата и улогата на ЦКРСМ

Во месец Октомври Црвениот крст на РСМ со поддршка од МКЦК започна кампања за афирмација на работата и улогата на националното друштво пред локалните институции. Кампањата опфаќа три аспекти: организирање на работни состаноци со претставници на ООЦК и претставници од локалните институции, дисеминациски сесии за партнерските институции и креирање на промотивни материјали за дисеминација. Во првата фаза од кампањата опфатени се 5 ООЦК (Охрид, Кичево, Битола, Неготино и Велес). Согласно насоките и планот за имплементација на кампањата, во месец ноември се организираа 18 дисеминациски сесии за 188 вработените лица од 18 институции кои учествуваа на иницираните состаноци.

# ДИГИТАЛНО ТРАНСФОРМИРАЊЕ

Во 2021 година ги продолживме нашите заложби за отвореност и споделување информации со граѓаните и партнерите и нивна вклученост во клучните одлуки и проекти што имаат влијание на поширокото општествено опкружување и нудат можности за вклучување во активностите на Црвениот крст во заедниците. Инвестиравме во можности и пристапи да ја подобриме нашата работа, да бидеме поефективни, да учиме и добиваме нови сознанија за ранливоста и изнаоѓање решенија преку унапредување на дигиталните технологии и средствата за комуникации. Посветено работевме на инкорпорирање на нови технологии и дигитални практики со цел да овозможиме брз проток на информации, користење на колективното знаење и унапредување на комуникациските вештини со цел да бидеме во можност да ги користиме севкупните потенцијали на нашата мрежа и да обезбедиме пристап до информации за нашите поддржувачи, партнери и корисници.

## Координација и комуникација

Како резултат на пандемијата Црвениот крст на РСМ направи импресивен исчекор во прилагодувањето на новата работна реалност која наложуваше виртуелна координација и управување со активностите и обезбедување на своите услуги. Користевме различни платформи, и дигитални системи за ангажирање и обука на волонтери, и координација. Далечинското работење стана норма заедно со обезбедувањето поддршка и справување со предизвиците со кои се соочуваа луѓето. Учествувавме и организиравме виртуелни работилници, вебинари, конференции и работни средби. Дигиталната трансформација беше широко прифатена, учејќи нѐ што е можно виртуелно да се постигне, но и што е она што сепак мора да го направиме во директен контакт со нашите корисници на услуги. За нас секако ова ќе остане предизвик да продолжиме да го развиваме овој систем на работа во годините пред нас и да се погрижиме придобивките од дигиталната трансформација да бидат инкорпорирани во секојдневната работа дури и кога работите ќе се вратат во нормална состојба.

**На дигитален план во изминатата година нашата работа ја одбележаа и следниве новини:**

## Софтверска апликација на Црвен крст на РСМ

Преку наменски изработена софтверска апликација на Црвениот крст на РСМ континуирано во изминативе неколку години се процесираат и обработуваат податоците на ООЦК/ЦКГ Скопје во однос на регистрирање на волонтери, членови, крводарители и вработени во организацијата на национално и локално ниво. Исто така преку софтверот се овозможува брз проток на информации во делот на програмското и финансиското планирање и известување. Во 2022 година националното друштво планира да ја ревидира и надгради апликацијата со цел да се обезбеди уште подобар проток на информации кои ќе обезбедуваат подобра функционалност и ефикасност во работата на националното друштво во обезбедувањето на сеопфатни услуги за крајните корисници.

## Софтвер на Црвен крст на РСМ за курсеви по прва помош

Новиот софтвер изготвен од националното друштво претставува централизиран систем за евиденција за да се обезбеди поголема прегledност и безбедност на базата на податоци, електронска проверка на знаењето на кандидатите и електронска евиденција на положени кандидати.

## Мобилна апликација за донации – „СОЛИДАРНОСТ“

Преку воспоставената апликација може да се донираат средства наменети за позитивни промени во заедниците. Страната за донации нуди можност преку брз и ефикасен пристап, физичките и правните лица да донираат и обезбедат поддршка во напорите кои ги презема Црвениот крст за одговор и влијание за справување со прашањата како што се борбата против сиромаштијата, гладта, унапредувањето на здравјето, напредок во образованието. Страната е достапна на три јазици – македонски, албански и англиски јазик. https://solidarnost.redcross.org.mk/



## Тим Северна Македонија – мобилна апликација за брзо мобилизирање и менаџирање на волонтери

Во текот на 2021 година подготвена е алатка за брзо мобилизирање и менаџирање на волонтери кои се заинтересирани да ги поддржат активностите на Црвениот крст на РСМ во случај на итни состојби и катастрофи. Преку користење на мобилната апликација „Тим Северна Македонија" секое заинтересирано лице може лесно да пристапи до Црвениот крст, да се пријави и посети соодветни обуки за теренско дејствување и да стане дел од листата на потенцијални волонтери кои би биле на располагање да се вклучат во активностите во случај на потреба. Преку апликацијата е овозможено брзо мобилизирање на лица со потребни компетенции или на оние кои најблиску се наоѓаат до местото каде би се извршувала волонтерската задача, а во текот на годината апликацијата може да се користи и како начин на информирање за тековното работење. За користење на апликацијата во текот на 2021 година одржани се обуки со одговорните лица за работа со волонтери во случај на катастрофи и итни состојби.

## НИКС платформа

Црвен крст на РСМ учествуваше со свој претставник во Носечката група за имплементација на НИКС апликацијата во РСМ за инкорпорирање на активности на националното друштво во апликацијата. Во 2021 година беше заокружен циклусот обуки за користење на апликацијата во кој учествуваа и претставници од ООЦК/ЦКГС.

# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ 2021

Црвениот крст на Република Северна Македонија своето работење го прикажува преку финансискиот извештај кој ги содржи планираните и реализирани приходи и расходи. Финансискиот извештај претставува потврда за успешно имплементираните програмски и проектни активности поддржани од домашни и странски партнери на организацијата.

Работењето на организацијата прикажано преку финансики податоци покажува успешно завршена година со остварување на Буџетот од 204,94% за разлика од 2020 кога остварувањето изнесуваше 194,96%, како резултат на имплементација на Измените на Законот за ЦК, согласно кој сите средства од надоместокот од регистрација на возила на територијата на РСМ се прибираат во Централната канцеларија на Црвен крст на РСМ и понатаму се прераспределуваат во општинските организации на ЦК и Црвен крст на град Скопје и зголемената поддршка на проектното работење од странски донатори. Сопствени приходи се реализирани со 86,64% и учествуваат со 16,16% од вкупно остварените приходи.

Приходите од органи и донатори, претставуваат наменски приходи, кои во најголем дел директно се префрлаат во општинските организации, каде се користат за имплементација на проектни активности. Овие приходи реализирани со 278,18 % бележат пораст во однос на 2020 кога се реализирани 228,97%. Порастот на овие приходи е резултат на обезбедени проекти за поддршка за справување со КОВИД - 19 последиците, проектите за стари лица поддржани од Европска унија и проекти за поддршка на населението загрозено од пожарите во државата, како и проектите за поддршка на мигрантите кои транзитираат низ Република Северна Македонија. Истите зафаќаат 83,84% од вкупно реализираните приходи во 2021 година. Во делот на расходите може да се утврди дека трошењето е контролирано и наменско, за програмски активности, во согласност со основните цели на организацијата. Од вкупно реализираните расходи, функционалните односно програмските трошоци се зголемени во номинален износ во однос на претходната година и изнесуваат 85,87%, расходот за плата на вработените изнесува 7,05%, а материјалните трошоци изнесуваат 7,07%. Од вкупно реализираните расходи 12,29% се однесуваат за потребите на централата, 47,14% се директно префрлени во општинските организации на Црвен крст и Црвен крст на град Скопје и во номинална вредност бележат пораст како резултат на имплементација на Измената на Законот за ЦК и имплементацијата на проектните активности, додека останатите 40,57% се средства кои се потрошени во централната канцеларија а се однесуваат за реализација на програмски активности на општинските организации на ЦК и ЦК на град Скопје.

Дел од вишокот на финансиските средства односно позитивната разлика помеѓу приходите и расходите се наменски средства кои се однесуваат на проекти чија реализација продолжува во 2022 година.

Од страна на Раководниот одбор на Црвениот крст на РСМ беше формирана комисија, која изврши внатрешна контрола на финансиското и материјално работење. Исто така беше ангажирана надворешна независна ревизорска куќа, која изврши ревизија согласно Законот за ревизија и Меѓународните стандарди за финансиско известување и сметководствените прописи кои важат во Република Северна Македонија. Според мислењето на ревизорската куќа, финансиската состојба на организацијата Црвениот крст на РСМ е прикажана реално и објективно.

Финансискиот извештај се однесува само на работењето на централната канцеларија на Црвениот крст на Република Северна Македонија.

# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА 2021 ГОДИНА

| | Буџет 2021 | Реализирано 2021 | % |
|---|---|---|---|
| **ВКУПНО ПРИХОДИ** | **124,239,157.00** | **254,620,810.00** | **204.94** |
| Сопствени извори на приходи | 47,504,800.00 | 41,158,599.00 | 86.64 |
| Приходи од органи / донатори | 76,734,357.00 | 213,462,211.00 | 278.18 |
| | | | |
| **ВКУПНО РАСХОДИ** | **124,239,157.00** | **190,989,016.00** | **153.73** |
| Плати и надоместоци на вработени | 16,732,800.00 | 13,472,392.00 | 80.51 |
| Расходи за материјали и услуги | 12,927,212.00 | 13,511,300.00 | 104.52 |
| Функционални (програмски) расходи | 94,579,145.00 | 164,005,324.00 | 173.41 |
| **РАЗЛИКА** | **0.00** | **63,631,794.00** | |

## ПРИХОДИ

| | ОПИС | Сопствени извори на приходи | Приходи од органи /донатори | Буџет 2021 | Реализирано од сопствени извори | Реализирано од органи и донатори | Реализирано 2021 | % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **74** | **ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ** | | | | | | | |
| 741 | Министерство за труд и социјална политика | | | | | | | |
| | - програмски активности | 9,075,000.00 | | 9,075,000.00 | 6,000,000.00 | | 6,000,000.00 | 66.12 |
| 741 | Крводарителство ( Министерство за Здравство) | | 8,000,000.00 | 8,000,000.00 | | 10,002,644.00 | 10,002,644.00 | 125.03 |
| 742 | Социјално - хуманитарни програми | 2,000,000.00 | 3,300,000.00 | 5,300,000.00 | 1.807,400.00 | 35,078,085.00 | 36,885,485.00 | 695.95 |
| 742 | Организација и развој | 200,000.00 | | 200,000.00 | | | 0.00 | 100.00 |
| | Фонд за развој и проекти | 1,728,000.00 | | 1,728,000.00 | 140,070.00 | | | 100.00 |
| | 5% за набавка и надоградба на софтвер и опрема | 297,000.00 | | 297,000.00 | | | | 100.00 |
| 742 | Прва помош | 5,500,000.00 | | 5,500,000.00 | 6,939,020.00 | | 6,939,020.00 | 126.16 |
| 742 | Превентивно здравствени програми | | 4,012,794.00 | 4,012,794.00 | 398,500.00 | 21,179,297.00 | 21,577,797.00 | 537.73 |
| 742 | Развој и работа со млади | 450,000.00 | | 450,000.00 | | | | 100.00 |
| 742 | Подготвеност и одговор при катастрофи | | 11,229,254.00 | 11,229,254.00 | 2,755,189.00 | 33,176,795.00 | 35,931,984.00 | 319.99 |
| 742 | Фонд за итен одговор на катастрофи | 1,728,000.00 | | 1,728,000.00 | | | | 0.00 |
| 742 | 10% за програмски активости за катастрофи | 594,000.00 | | 594,000.00 | | | | 0.00 |
| 742 | Дисеминација и МХП | | 152,400.00 | 152,400.00 | | | 0.00 | 0.00 |
| 742 | ЦК во акција - ПХВ | | | 0.00 | | | 0.00 | |
| 742 | Односи со јавност | | | 0.00 | | | 0.00 | 0.00 |
| 742 | Фонд за видливост | 1,404,000.00 | | 1,404,000.00 | | | | |
| 742 | Служба барање | | 589,909.00 | 589,909.00 | | 666,332.00 | 666,332.00 | 0.00 |
| 742 | Проектно работење и мобилизирање на фондови | 3,690,000.00 | | 3,690,000.00 | | | 0.00 | 0.00 |
| 742 | Човечки ресурси, мониторинг и евалуација | | | 0.00 | | | 0.00 | 0.00 |
| 742 | Креирање политики и менаџирање со волонтери и членови | | 250,000.00 | 250,000.00 | | | | 0.00 |
| **72** | **НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | | | | | | | |
| 725 | Од ООЦК ( по основ на котизација ) | 1,770,000.00 | | 1,770,000.00 | 2,118,042.00 | | 2,118,042.00 | 119.66 |
| 725 | Донација од физички лица | 200,000.00 | | 200,000.00 | 29,940.00 | | 0.00 | 00.0 |
| 725 | Донација од правни лица / Продажба на возила | 600,000.00 | | 600,000.00 | | | 0.00 | 0.00 |
| 725 | Доплата марки ( од Законот на ЦК ) | 100,000.00 | | 100,000.00 | 29,940.00 | | 29,940.00 | 29.94 |
| 723 | Од закупнина на деловен простор/други приходи/ приходи од продажба на капитални средства | 1,918,800.00 | | 1,918,800.00 | 1,031,939.00 | | 1,031,939.00 | 53.78 |
| 725 | Од регистрација на возила (Средства од Закон за ЦК) | 10,800,000.00 | 49,200,000.00 | 60,000,000.00 | 12,694,497.00 | 57,830,488.00 | 70,524,985.00 | 100.00 |
| 725 | Други приходи/приходи од камата/членски карти/ рефундирање на трошоци за канцеларија/ вратен депозит од банка | | | 0.00 | 7,230,002.00 | | 2,536,291.00 | 100.00 |
| 725 | Фонд на солидарност | | | 0.00 | | 6,054,243.00 | 6,054,243.00 | 100.00 |
| 725 | Од курсеви за спасители на вода | 50,000.00 | | | 14,000.00 | | | |
| 725 | Пренесени приходи од претходна година | 5,400,000.00 | | 5,400,000.00 | | 42,255,129.00 | 42,255,129.00 | 100.00 |
| | ***ВКУПНО ПРИХОДИ*** | ***47,504,800.00*** | ***76,734,357.00*** | ***124,239,157.00*** | ***41,158,599.00*** | ***213,462,211.00*** | ***254,620,810.00*** | ***204.94*** |

# РАСХОДИ

| | ОПИС | Сопствени извори на приходи | Приходи од органи /донатори | Буџет 2021 | Реализирано од сопствени извори | Реализирано од органи и донатори | Реализирано 2021 | % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 401 | ОСНОВНИ ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ | 14,401,176.00 | 1,007,488.00 | 14,512,000.00 | 9,223,547.00 | 3,071,539.00 | 12,295,086.00 | 84.72 |
| 402 | ПРИДОНЕСИ ОД ПЛАТИ И ПЕРСОНАЛЕН ДАНОК | | | | 410,135.00 | | 410,135.00 | |
| | ***ВКУПНО РАСХОДИ ЗА ПЛАТИ*** | ***14,401,176.00*** | ***2,331,624.00*** | ***16,732,800.00*** | ***9,573,224.00*** | ***3,899,168.00*** | ***13,472,392.00*** | ***80.51*** |
| 420 | ПАТНИ И ДНЕВНИ РАСХОДИ | 250,000.00 | 0.00 | 250,000.00 | 161,423.00 | 381,504.00 | 542,927.00 | 217.17 |
| 421 | КОМУНАЛНИ УСЛУГИ | 798,000.00 | 0.00 | 798,000.00 | 1,058,085.00 | 117,878.00 | 1,175,963.00 | 147.36 |
| 422 | ЗАТОПЛУВАЊЕ | 480,000.00 | 0.00 | 480,000.00 | 408,389.00 | 0.00 | 408,389.00 | 85.08 |
| 423 | КОМУНИКАЦИЈА И ТРАНСПОРТ | 1,679,000.00 | 0.00 | 1,679,000.00 | 1,969,113.00 | 1,591,236.00 | 3,560,349.00 | 212.05 |
| 423 | МАТЕРИЈАЛИ | 2,354,000.00 | 2,023,000.00 | 4,377,000.00 | 5,160,759.00 | 4,967,347.00 | 10,128,106.00 | 231.39 |
| 424 | ТЕКОВНО ОДРЖУВАЊЕ | 966,000.00 | 0.00 | 966,000.00 | 851,891.00 | 581,808.00 | 1,433,699.00 | 148.42 |
| 425 | ДОГОВОРНИ УСЛУГИ | 8,573,512.00 | 11,261,763.00 | 19,835,275.00 | 3,460,400.00 | 19,798,614.00 | 23,259,014.00 | 117.26 |
| 426 | ДРУГИ ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ | 100,000.00 | 50,000.00 | 150,000.00 | 5,620.00 | 45,842.00 | 51,462.00 | 34.31 |
| 463 | ТРАНСФЕРИ ДО НЕПРОФИТНИ ОРГАНИЗАЦИИ | 4,282,000.00 | 64,950,382.00 | 69,232,382.00 | 0.00 | 90,038,156.00 | 90,038,156.00 | 130.05 |
| | ***ВКУПНО ТЕКОВНИ РАСХОДИ*** | ***19,482,512.00*** | ***78,285,145.00*** | ***97,767,657.00*** | ***13,075,680.00*** | ***117,522,385.00*** | ***130,598,065.00*** | ***133.58*** |
| | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | | | | | | | |
| 483 | КУПУВАЊЕ НА МЕБЕЛ И КАНЦЕЛАРИСКА ОПРЕМА | 86,400.00 | 600,000.00 | 666,400.00 | 2,432,003.00 | 2,552,685.00 | 4,984,688.00 | 726.21 |
| 483 | КУПУВАЊЕ НА МОТОРНИ ВОЗИЛА | | 3,690,000.00 | 3,690,000.00 | 0.00 | 3,142,530.00 | 3,142,530.00 | 85.16 |
| 481 | ОСНОВНО И СПЕЦИЈАЛНО ОДРЖУВАЊЕ | 100,000.00 | 0.00 | 100,000.00 | 0.00 | 84,000.00 | 84,000.00 | 84.00 |
| | ***ВКУПНО КАПИТАЛНИ РАСХОДИ*** | ***186,400.00*** | ***4,290,000.00*** | ***4,476,400.00*** | ***2,432,003.00*** | ***5,779,215.00*** | ***8,211,218.00*** | ***183.43*** |
| | ПОМОШ, ДОНАЦИИ И ДРУГИ ДАВАЧКИ | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| | ***ВКУПНО ПОМОШ, ДОНАЦИИ И ДРУГИ ДАВАЧКИ*** | ***1,186,800.00*** | ***4,075,000.00*** | ***5,262,300.00*** | ***20,000.00*** | ***38,687,341.00*** | ***38,707,341.00*** | ***735.56*** |
| | ***ВКУПНО РАСХОДИ*** | ***35,256,888.00*** | ***88,982,269.00*** | ***124,239,157.00*** | ***25,100,907.00*** | ***165,888,109.00*** | ***190,989,016.00*** | ***153.73*** |

*Служба за финансии и ревизија*
Жаклина Поповиќ

*Генерален Секретар*
д-р Саит Саити

| | | % |
|---|---|---|
| **Трансфери во ООЦК** | 90,038,156.00 | 47.14 |
| **Трошоци за цетралата** | 23,466,028.00 | 12.29 |
| **Трошоци од централата за ООЦК** | 77,484,832.00 | 40.57 |
| | 190,989,016.00 | 100.00 |




## РЕАЛИЗИРАНИ ПРИХОДИ ВО 2021







## РЕАЛИЗИРАНИ РАСХОДИ ВО 2021



BDO

Тел. +389 2 3117 888
Факс. +389 2 3117 999
www.bdo.mk

11 Октомври бр. 86-1/1
1000 Скопје
Република Северна
Македонија

До:

Раководството на

ЦРВЕН КРСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

СКОПЈЕ

## ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР (Продолжува)

*Мислење на ревизорот*

Според нашето мислење, приложените финансиски извештаи на „ЦРВЕН КРСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА" ја прикажуваат реално и објективно во сите значајни аспекти, финансиската состојба на организацијата на ден 31 декември 2021, како и резултатите на нејзиното работење и промените во фондовите за годината која завршува на тој ден, во согласност со Законот за сметководство на непрофитни организации и стандардите за финансиско известување на готовинска основа.

*Извештај за други правни и регулативни барања*

Менаџментот на Организацијата е исто така одговорен за подготвување на годишниот извештај за работата во согласност со Законот за здруженија и фондации. Наша одговорност во согласност со Законот за ревизија е да известиме дали годишниот извештај за работа е конзистентен со годишната сметка и финансиските извештаи за годината која завршува на 31 Декември 2021 година. Нашата работа во однос на годишниот извештај за работа е извршена во согласност со МСР 720 и е ограничена на известување дали историските финансиски информации прикажани во годишниот извештај за работата се конзистентни со годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи.

Годишниот извештај за работата е конзистентен, од сите материјални аспекти, со годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи на „ЦРВЕН КРСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА", Скопје за годината која завршува на 31 Декември 2021 година.

Скопје, 10 март 2022 година

Овластен ревизор, Управител
Драган Димитров

Друштво за ревизија БДО
BDO
ДОО Скопје

www.redcross.org.mk